# СОДРЖИНА


*ДДВ*

- ***Оданочување на угостителски промет со 10% ДДВ .....................................................5***

*ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ*

- ***Пресметка на плата кај самостојни вршители на дејност.....................................................................40***

*ДАНОК НА ДОХОД*

- ***Пресметување и плаќање на месечни аконтации на данок на доход од самостојна дејност во 2021 година кај самостојните вршители на дејност.............................……………...............………….......53***

- ***Начин на вршење на платен промет со странство.....................................................60***

- ***Стечај и стечајни постапки согласно Законот за стечај..........................................................76***

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- ***Плати за месец Март 2021 година.........................................................................93***
- ***Коефициент на МДБ за Февруари 2021 година.......................................................................112***
- ***Коефициенти на пораст на цените за месец Февруари 2021 година.......................................................................113***
- ***Валоризациони коефициенти за пресметување на платите од поранешните години за утврдување на пензиска основа.........................................................115***
- ***Цени на гориво.................................................................120***
- ***Курсни листи .....................................................................131***
- ***Рокови за поднесување во Февруари........................................................................137***
- ***Казнена законска камата.................................................142***

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ...............................................144***

# ДДВ

*дипл. економист Ромео Костадинов*

# ОДАНОЧУВАЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ ПРОМЕТ СО 10% ДДВ

***Оданочувањето со повластената ДДВ стапка од 01.01.2021 година на прометот во угостителството, повлекува разграничување на промет остварен по општа (18%) и промет по повластена од 5 и 10%.***

***ВОВЕД***

Со одредбите од Законот за ДДВ (“Службен весник на РМ” 44/99...198/18 и “Службен весник на РСМ” 98/19... 267/20), се пропишува начинот на пресметување и плаќање на данокот на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност, како општ потрошувачки данок, се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор, освен ако прометот не е ослободен од ДДВ.

Предмет на оданочување со ДДВ претставува прометот на добра и услуги, кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник, во рамките на неговата стопанска дејност и увозот на добра.

Во промет со надомест влегува и промет без противнадомест, извршен помеѓу сопственици, вработени и други поврзани лица, наведени со одредбите до член 3 и 6 од Законот за ДДВ.

Со донесувањето на Законот за враќање на дел од ДДВ на физичките лица (“Службен весник на РСМ” 133/19), се воспоставија условите, начинот и постапката за остварување на правото на враќање на дел од ДДВ, искажан во фискалните сметки на физичките лица.

Со воведувањето на вонредната состојба, во 2020 се создадоа услови за тековни и преодни решенија, врз основ на Уредбата со законска сила за примена на законот за ДДВ за време на вонредна состојба (“Службен весник на РСМ” 82/2020...128/2020).

Последните измени од 2020 година, предизвикани од COVID 19, донесоа промена во оданочувањето со ДДВ, за прометот во угостителството.

## *1. ВРШЕЊЕ ПРОМЕТ И ДДВ*

Предмет на оданочување со ДДВ, претставува про-метот на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник, во рамките на неговата стопанска дејност и увозот на добра, согласно член 2 од законот за ДДВ.

Согласно одредбите од член 3 од законот, промет на добра претставува преносот на правото на располагање со движен или недвижен материјален имот. Како промет на добра, се смета и:

1. Прометот на електрична енергија, гас, греење и разладување;

2. Прометот на добра врз основа на договор за лизинг, според кој правото на сопственост преминува на корисникот на лизингот, најдоцна со исплатата на последната рата;

3. Прометот на добра од консигнационен склад;

4. Испораката на добра на комисионерот од страна на сопственикот и испораката на добра од страна на комисионерот на примателот на добрата;

5. Преносот на сопственост на добра, врз основа на закон или налог, издаден од или во име на орган на јавната власт;

6. Прометот на добра произведени или составени од материјали или елементи кои ги набавил испорачателот, кај кои не се работи само за додатоци или за други споредни пред-мети, кое важи и во случај на изградба на недвижности;

7. Прометот на добра од страна на закупецот кон закуподавачот, во случај на инвестициско вложување во објект на закуподавачот извршен од закупецот, освен вложување кое се однесува на тековно (редовно) одржување на објектот, кога објектот се користи за вршење стопанска дејност на закупецот.

8. Земањето на добра кои се дел од имотот на друштвото за лични потреби обврзникот или на вработените лица кај него или за други цели, кои не се поврзани со неговата стопанска дејност;

9. Прометот на добра без надомест од страна на трговски друштва и други здруженија на лица спрема сопстве-ниците на влог, спрема членовите и спрема нив блиски лица;

10. Задржувањето на добра од страна на даночниот обврзник или од лицето кое стапува на негово место, по престанувањето со вршењето на стопанската дејност и

11. Прометот на добра без надомест од страна на закупецот кон закуподавачот, во случај на инвестициско вложување во објект на закуподавачот, извршен од страна на закупецот, освен вложување кое се однесува на тековно (редовно) одржување на објектот, во случај кога објектот се користи за вршење на стопанската дејност на закупецот.

### *1.1. Ослободување на промет од ДДВ*

Со одредбите до законот се предвидени ослободувања од ДДВ, за **прометот на добра и услуги**, за кои се смета дека се во интерес на успешно одвивање на стопанските текови.

Ослободувањето од ДДВ е пропишано со законот како директно ослободување од ДДВ, со право на одбивка (член 24) и без право на одбивка на претходниот ДДВ (член 23).

Притоа, на оданочување подлежи прометот, кој се остварува на територија на РМ, додека прометот кон ТИРЗ, слободни економски зони, царинските зони и складови има третман на промет, "надвор од територија" на РМ.

Оданочувањето на услугите спрема нерезиденти, потпаѓа на режим според член 14 и зависи од видот на услугата и местото на примателот на услугата.

## *2. ДАНОЧНА ОСНОВА*

Даночна основа на ДДВ е вкупниот износ на надоместокот што е добиен, или што треба да се добие за прометот, во кој не е вклучен данокот на додадена вредност.

Под надоместок се подразбираат пари, добра, услуги и други бенефиции според пазарната цена, која ја плаќа или треба да ја плати примателот на доброто или корисникот на услугата или некое друго лице.

Даночната основа ги опфаќа даноците, вклучувајќи ги акцизите, таксите, придонесите и другите давачки пропишани со посебни закони, (освен ДДВ), зависните трошоци за пакување, натовар, истовар, превоз и осигурување, како и провизиите и другите трошоци, кои даночниот обврзник му ги пресметал на примателот на доброто или на корисникот на услугата и субвенциите кои се директно поврзани со цената на прометот на доброто или услугата.

Согласно одредбите од член 18 од законот, во даночната основа не влегува, односно не се вклучува:

1. Намалувањето на цената во форма на дисконт за авансни плаќања;

2. Ценовниот дисконт, рабатот и другите видови на намалување на цената одобрени на примателот на доброто или на корисникот на услугата во време на извршувањето на прометот, ако тие се посебно искажани во фактурата и евидентирани во книговодството и

3. Износот што го добива даночниот обврзник од примателот на доброто или од корисникот на услугата како плаќање за трошоците што ги направил во нивно име и за нивна сметка, ако тој износ е евидентиран во книговодството.

### *2.1 Посебни видови даночна основа*

Посебни видови даночна основа се предвидени со одредбите од член 19 од законот, спрема специфичните карактеристики кои произлегуваат од видот на прометот и достапноста на податоците за вредноста на прометот.

Притоа кај специфичните видови на промет, даночната основа се определува од набавната вредност, цената на чинење или издатоците за извршената услуга, пазарната цена, разликата во цена, провизијата или постигната крајна цена при наддавање, односно:

1. Набавната цена или цената на чинење во моментот на прометот, во случај на земање добра или прометот на добра без надомест - дел од имотот на друштвото за лични потреби на обврзникот или вработените лица или за други цели кои не се поврзани со неговата стопанска дејност, задржувањето на добра од страна на даночниот обврзник или од лицето кое стапува на негово место, по престанувањето со вршењето на стопанската дејност;

2. Издатоците за извршената услуга во случај на користењето добра или вршењето услуги без надоместок - дел од имотот на друштвото за лични потреби на обврзник, или вработени или за цели кои не се поврзани со неговата стопанска дејност, спрема сопственици на влог, спрема членовите или спрема ним блиски лица;

3. Пазарната цена на добиеното добро или примената услуга, кога надоместокот за прометот на доброто или за услугата се состои во целина или делумно во промет на друго добро или друга услуга,;

4. Постигнатата крајна цена, за прометот остварен по пат на лицитација (постигнатата крајна цена намалена за ДДВ, пресметан со примена на пресметковна стапка утврдена врз основа на пропишаната даночна стапка);

5. Разликата меѓу продажната и набавната цена, ако набавката е без ДДВ во случај на промет на употребувани добра, вклучувајќи и употребувани моторни возила, уметнички и колекционерски предмети и антиквитети,

6. Провизијата, надоместокот за услугата за отстапување на привремен агенциски работник на работодавач корисник, од страна на агенција за привремени вработувања од РС Македонија.

7. Пазарната вредност без ДДВ на инвестициско вложување во објект на закуподавачот, извршено од закупецот, определена од овластен проценувач во моментот на престанокот на договорот за закуп или раскинувањето.

8. Даночна основа за увозот на добра е вредноста на увезеното добро, утврдена според царинските прописи. Ако увезеното добро не подлежи на прописите за царинење или на плаќање царина, даночната основа ќе се утврди според надоместокот што е платен или што би требало да се плати или ако е тоа непознато, односно ако надоместокот е нереално искажан, според вредноста што ќе ја одреди надлежниот царински орган. Во даночната основа за увоз се вклучуваат:

1. царината, даноците, вклучувајќи ги акцизите, таксите, другите увозни давачки, освен ДДВ;

2. зависните трошоци, вклучувајќи ги трошоците за провизии, пакување, превоз и осигурување кои настануваат до првото место на крајната дестинација на доброто во земјата, како што е искажано во документите за превоз, или ако такви податоци нема, до местото на првиот истовар на доброто.

При привремен извоз во странство за поправка, ремонтирање или облагородување на друг начин и пак увезено во земјата од страна на извозникот, или од друго лице за него, даночна основа претставува надоместокот кој е платен за извршените работи, или ако не е платен надоместок, или ако е тој непознат, тогаш вредноста што ќе се утврди според царинските прописи. Ова важи и во случај ако наместо облагороденото добро се увезе друго добро, кое по количина и квалитет одговара на извезеното добро.

Кога надоместокот кој го должи примателот на доброто или корисникот на услугата е пресметан во странска валута, се врши конверзија во денари по продажниот курс утврден од НБРМ на денот на настанувањето на даночниот долг согласно со член 31 на законот.

## *3. ДАНОЧНИ СТАПКИ*

ДДВ се пресметува со примена на пропорционални даночни стапки врз даночната основа за оданочивиот промет на стоки и услуги и увоз, според општата даночна стапка од **18%**, според повластената даночна стапка од **5%** и **10%**.

Исто така во нашиот систем, бележиме и промет, врз кој се применува **0% ДДВ стапка**.

### *3.1. Општа даночна стапка*

Трите пропишани ДДВ видови на стапки, согласно нашиот закон, се: нулта, општа и повластена даночна стапка.

Нултата даночна стапка се применува на прометот кој не подлежи на оданочување, како и на прометот ослободен од ДДВ, со и без право на одбивка на претходниот ДДВ.

Општата даночна стапка од 18% се применува врз целокупниот промет и увоз, освен врз прометот и увозот кој се оданочува со повластената даночна стапка.

Вообичаено, кај економиите кои го применуваат моделот на ДДВ (ЕУ и други), севкупниот оданочив промет, подлежи на оданочување со општата даночна стапка, од кој промет се исклучува таксативно наброениот промет, врз кој се применува оданочување со повластената ДДВ стапка.

Особина на даночните системи кои имплементираат ДДВ систем на оданочување на прометот, се разликите во видот, висината и квантитетот на повластените стапки и специфицираниот повластен промет.

Со законот за ДДВ, се пропишува оданочување со општата ДДВ стапка, за сиот оданочив промет, за кој не е предвидено оданочување со повластена ДДВ стапка.

Заради рационалност и надминување на недоразбирањата и двосмисленостите од системот на ДДВ, за општата даночна стапка се применува начелото за оданочување при непостоење на специфициран, повластен ДДВ промет.

Согласно начелото, единствен промет (надвор од повластено оданочивиот промет), за кој не се применува општата ДДВ стапка (18%), е прометот кој се оданочува со 0%, односно ослободениот од ДДВ промет.

### *3.2. Повластена даночна стапка*

Карактеристика на ДДВ системот во Македонија е воведувањето на втора повластена ДДВ стапка од 10%. Поранешната единствена повластена ДДВ стапка од 5%, од 01.01.2021 година се прошири за повластено оданочив промет со 10%.

Во прометот кој се оданочува со втората, повисока повластена ДДВ стапка од 10% влезе прометот кој порано се оданочуваше со 18% ДДВ, при што значително се намали даночниот товар на обврзниците.

### *3.2.1. Повластена даночна стапка од 5%*

Стапката од 5% се применува како повластена од денот на воведвуањето на ДДВ системот за оданочување во РМ, односно од 01.04.2000 година.

Иако стапката од 5% е во примена од 2000 година, сепак одредени видови на промет периодично се вклучуваа и ја напуштаа зоната на повластен ДДВ третман.

Повластената даночна стапка од **5%, се применува врз следниот промет и увозот на** (за промет од 01.01.2021)**:**

1. Производи за човечка исхрана;

2. Вода за пиење од јавните системи за снабдување и одведување на урбаните отпадни води и вода за наводнување на земјоделско земјиште;

3. Публикации и тоа: книги, брошури и слични печатени материјали, весници и други периодични публикации, детски сликовници, книги за цртање и боење за деца и картографски производи од секаков вид, освен публикации кои служат претежно за рекламни цели, како и публикации со порнографска содржина;

4. Семенски и саден материјал за производство на земјоделски растенија;

5. Ѓубрива;

6. Средства за заштита на растенијата;

7. Фолии од пластична маса за употреба во земјоделството;

8. Земјоделска механизација;

9. Лекови вклучувајќи и лекови за ветеринарна медицина;

10. Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери);

11. Термални сончеви системи и компоненти;

12. Медицинска опрема, помагала и други уреди чијашто намена е за олеснување или третирање на инвалидност исклучиво за лична употреба од страна на инвалидни лица.

13. Сурово масло за производство на храна за човечка исхрана;

14. Првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок до пет години по изградбата;

15. Добиточна храна, адитиви за добиточна храна и жив добиток;

16. Бебешки производи, и тоа: креветче, количка, транспортер, релаксатор, седиште за во возило, када, хранилка, цуцла, шише и пелени за бебиња;

17. Училиштен прибор, и тоа: училишна торба (ранец), тетратка, молив, пенкало, блок, работна тетратка, боички, линијар, шестар, пластелин, острило, гума и коректор;

18. Пелети, печки на пелети и котли на пелети и

19. Топлинска енергија за греење.

Повластената даночна стапка од 5% се применува и на прометот на следниве услуги:

1. Превоз на лица и нивниот придружен багаж;

2. Софтвер за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери);

3. Услуги за одржување на јавна чистота и отпремување на отпад;

4. Услуги на сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион, во сите видови на комерцијални угостителски објекти и

5. Занаетчиски услуги коишто се вршат од страна на занаетчии коишто се запишани во занаетчиски регистар согласно со Законот за занаетчиство, и тоа:

(а) Поправка на: - велосипеди, - чевли и производи од кожа, - облека и постелнина за домаќинството (вклучувајќи крпење и прекројување) и

(б) фризерски услуги.

Владата на Република Македонија поблиску ги определи добрата и услугите кои се оданочуваат со повластената ДДВ стапка од 5% со Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност (“Службен весник на РМ” 102/06...316/20).

### *3.2.2. Повластена даночна стапка од 10%*

Повластената ДДВ стапка од 10% се применува на услуги на предавање на храна и пијалаци за консумација на лице место и кетеринг услуги, со исклучок на алкохолни пијалаци.

Владата на РС Македонија со Одлуката за добрата и услугите кои се оданочуваат со повластената ДДВ стапка од 10%, го определи прометот, за кој се применува истата.

Стапката од 10% како втора повластена ДДВ стапка, за прв пат се воведе за прометот остварен од 01.01.2021 година. Воведувањето донесе очигледно релаксирање во поглед на оданочувањето на прометот во угостителството.

## *4. ПРОМЕТ ВО УГОСТИТЕЛСТВО*

Со воведувањето на системот на ДДВ, разграничувањето на прометот на продажба на храна и пијалоци за носење и консумација на лице место, во претходно подготвени локациски услови за консумирање од страна на предавачот на продуктите, отвори дилема во поглед на оданочувањето и разграничувањето на прометите.

Прометот кој се служи од ист пулт, различно се оданочува од аспект на консумацијата на продуктите, за чие следење и разграничување во практиката се јавија бројни недоследности.

Предавањето на јадења и пијалоци за консумација на самото место не претставува испорака, туку услуга (член 6 став 2 точка 4 од Законот за ДДВ).

Предавање на јадења и пијалоци, заради консумација на самото место, постои кога:

1. јадењата и пијалоците, во зависност од околностите на предавањето, се определуваат за консумација во место кое е во просторна врска со местото за предавање и

2. е обезбедена посебна опрема од страна на продавачот, за консумација на самото место.

Предавањето на јадења и пијалоци за консумација на самото место, постои и во случаите на обезбедувањето **исхрана за вработените** од страна на работодавачот во неговите простории, во кантини или во други слични објекти.

Просторна поврзаност постои и во случаи кога јадењата и пијалоците се консумираат во непосредна близина на локалот, но на отворено, на пример на терасата од локалот, пред самиот локал на улица или на спротивната страна од улицата, во уредени услови од продавачот за консумација.

Значајно во овој поглед е подготвеноста за послужува-ње на продуктите за консумација во уреден простор, кој е наме-нет за да се консумира храната, но е под контрола на продa-вачот и вообичаено повлекува дополнителни услуги, со цел консумација на самото место.

Опремата и уредите кои служат во прв ред за продажба на стоки, како на пример продажни витрини и фрижидери или рафтови во киосците, продажните места, монтажни објекти за продажба на брза храна и слично, не претставуваат опрема за консумација на самото место, независно од нивната форма и големина. Наспроти тоа, масичките вградени во кино-седиштата за јадења и пијалоци во кината претставуваат посебна опрема за консумација на самото место.

Од самото одредување на прометот во ресторани на група на услуги произлегува дека:

1. предавањето со надоместок на јадења и пијалоци за консумација на самото место, спрема трети лица и

2. консумација на јадењата и пијалоците од страна на самиот даночен обврзник (услуги без надоместок во смисла на член 6 став 3 точка 2 од ЗДДВ),

се оданочува со повластената даночна стапка од 10%.

За испораките без надоместок, според член 3 став 3 точка 1 од ЗДДВ, на пример земањето на прехранбени производи од страна на угостителот, заради консумација во стан, кој е одвоен од угостителска објект, може да се земе предвид даночната повластица според член 30 став 1 точка 1 од Законот за ДДВ, за примена на повластната стапка од 5%.

Со одредбите на Законот за ДДВ, примената на повластената ДДВ стапка од 10% е дозволена за угостителските услуги за продажба на храна и пијалоци кои се консумираат во угостителските објекти и кетеринг услугите. Наведената ДДВ повластена стапка од 10% не се применува за прометот на алкохолните пијалоци.

Согласно одредбите од од новововедениот член 30-а, од ЗДДВ (од 01.01.2021), се пропишува оданочување со 10% на прометот со повластена ДДВ стапка за угостителските услуги.

Повластената ДДВ стапка од 10% се применува на услуги на предавање на храна и на пијалаци за консумација на лице место и кетеринг услуги, со исклучок на алкохолни пијалоци (согласно член 30-а).

Согласно одредбите од член 2 став 3 од Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластената стапка на ДДВ, стапката од 10% се применува на услуги на **предавање на храна и на пијалаци за консумација на лице место** и кетеринг услуги, со исклучок на алкохолни пијалаци.

Согласно член 2 став 3 од Одлуката, за ресторански и за кетеринг услуги, се смета давањето на приготвена или неприготвена храна за човечка исхрана и послужување на безалкохолни пијалаци, со исклучок на послужување на алкохолни пијалаци, **придружени со дополнителни услуги со цел да се овозможи нивно непосредно конзумирање.**

Испораката на храна и послужување на безалкохолни пијалаци, со исклучок на послужување на алкохолни пијалаци, претставува само една компонента од севкупната понуда, при што преовладува прометот на услуги.

Ресторанска услуга претставува вршење на промет на такви услуги во просториите на давателот на услугата и простор кој е непосредно или посредно поврзан со просториите на давателот на услугата.

Услуга за кетеринг е вршењето на промет на такви услуги надвор од просториите на давателот на услугата. Испорака на приготвена или неприготвена храна и безалкохолни пијалаци, со или без превоз, **но без други придружни услуги**, не се смета за ресторанска или кетеринг услуга, во смисла на член 2 став 3 од Одлуката.

## *5. ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДДВ*

Со одредбите од Одлуката за определување на добрата и услугите, кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, се определува прометот врз кој се применуваат повластените стапки од 5 и 10%.

Одлуката со примена од 01.01.2021 година во делот на промет кој се оданочува со 10%, е основната разлика со старата одлука, која беше во примена до 31.12.2020 година е дека старата не содржеше оданочив промет по стапка од 10%.

Текстот на измените кај Одлуката е инкорпориран во одредбите од член 2 став 3 од Одлуката, во склад со измените предвидени со член 30-а од Законот за ДДВ.

Интегралниот текст на одлуката се заснива на класификациите и распоредот на добрата, спрема тарифните броеви од Царинската тарифа, за прометот на добрата, врз кои се применува повластената стапка на ДДВ од 5%.

За повластениот третман на услугите кои се оданочуваат со 5 или 10% не постои определување според царински тарифни ознаки, туку описно идентификување на опфатот на услугите, за кои е во примена даночно повластен третман.

Прилог: Одлука за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на ДДВ:

Врз основа на член 30 став (3) и член 30-а став (2) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 124/19, 275/19 и 267/20) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 декември 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОБРАТА И УСЛУГИТЕ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

Член 1

Со оваа одлука поблиску се определуваат добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, согласно член 30 ставови (1) и (2) и член 30-а став (1) од Законот за данокот на додадена вредност (во натамошниот текст: Закон).

Член 2

(1) Повластената стапка на данокот на додадена вредност во смисла на член 30 од Законот се применува врз прометот и увозот на:

1. Производи за човечка исхрана кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

| Ред. бр. | Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | Глава 2 | Месо и други кланични производи за јадење |
| 2. | 0301 | Риби, живи |
| 3. | 0302 | Риби, свежи или разладени, освен рибини филети и друго рибино месо од тар. број 0304 |
| 4. | 0303 | Риби, замрзнати, освен рибини филети и друго рибино месо од тар. број 0304 |
| 5. | 0304 | Рибини филети и друго рибино месо (немелено или мелено), свежо, разладено или замрзнато |
| 6. | 0305 | Риби, сушени, солени или во саламура; чадена риба, вклучувајќи и готвени риби пред или во текот на процесот на чадење; брашно, прав и пелети од риба, погодни за човечка исхрана |
| 7. | 0306 | Черупкари со черупка или без черупка, живи, свежи, разладени, замрзнати, исушени, посолени или во саламура; черупкари со черупка или без черупка чадени, варени или неварени пред или за време на процесот на чадење; черупкари, во черупка, парени или варени во вода, неразладени или разладени, замрзнати, исушени, солени или во саламура; прав, брашно и пелети од черупкари, погодни за човечка исхрана |
| 8. | 0307 | Мекотелци со черупка или без черупка, живи, свежи, разладени, замрзнати, сушени, солени или во саламура; чадени мекотелци со черупка или без черупка, варени или неварени пред или за време на процесот на чадење; прав, брашно и пелети од мекотелци, погодни за човечка исхрана |
| 9. | 0308 | Водни без'рбетници освен черупкари и мекотелци, живи, свежи, разладени, замрзнати, сушени, солени или во саламура;чадени водни без'рбетници освен черупкари и мекотелци, варени или неварени пред или за време на процесот на чадење; прав, брашно и пелети од водни без'рбетници освен черупкари и мекотелци, погодни за човечка исхрана |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | 0401 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување |
| 11. | 0402 | Млеко и павлака, концентрирани или со додаден шеќер или други материи за засладување |
| 12. | 0403 | Маштеница, кисело млеко, павлака, јогурт, кефир и друго ферментирано или закиселено млеко и павлака, концентрирани или неконцентрирани или со содржина на додаден шеќер или други материи за засладување или ароматизирани или со додадено овошје, јатчесто овошје или какао |
| 13. | 0404 | Сурутка, концентрирана или неконцентрирана или со додаток на шеќер или други материи за засладување; производи што се состојат од природни состојки на млеко со додавање или без додавање на шеќер или други материи за засладување, на друго место неспомнати ниту опфатени |
| 14. | 0405 | Путер и други маснотии и масла добиени од млеко; млечни премази |
| 15. | 0406 | Сирење и урда |
| 16. | 0407 21<br>0407 29<br>0407 90 | Други свежи јајца, освен за приплод |
| 17. | 0408 11 80 00 | Сушени жолчки |
| 18. | 0408 19 81 00 | Течни жолчки |
| 19. | 0408 19 89 00 | Други, вклучувајќи замрзнати |
| 20. | 0408 91 80 00 | Други живински и птичји јајца, сушени |
| 21. | 0408 99 80 00 | Други живински и птичји јајца |
| 22. | 0409 | Природен мед |
| 23. | 0410 | Јастиви производи од животинско потекло, на друго место неспомнати ниту опфатени |
| 24. | 0504 | Црева, бабулиња и желудници од животни (освен од риби), цели или во парчиња, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени |
| 25. | 0701 90 50 00 | Компир свеж или разладен, млад, од 1 јануари до 30 јуни, освен за сеидба |
| 26. | 0701 90 90 00 | Друг компир свеж или разладен, освен за сеидба |
| 27. | 0702 | Домат, свеж или разладен |
| 28. | 0703 10 11 00 | Кромид во низи, свеж или разладен, освен за сеидба |
| 29. | 0703 10 19 50 | Кромид свеж или разладен, од 1 април до 30 септември, освен за сеидба |
| 30. | 0703 10 19 90 | Кромид свеж или разладен, од 1 октомври до 31 март, освен за сеидба |
| 31. | 0703 10 90 00 | Алма свежа или разладена |
| 32. | 0703 20 00 90 | Лук свеж или разладен, освен за сеидба |
| 33. | 0703 90 00 90 | Праз и други лукови свежи или разладени, освен за сеидба |
| 34. | 0704 | Зелка, карфиол, келераба, кељ и сличен зелковиден зеленчук за јадење, свежи или разладени: |
| 35. | 0705 | Салата (lactuca sativa) и цикорија (Cichorium spp.), свежи или разладени: |
| 36. | 0706 | Моркови, брусква или репка угарница (бела репка), цвекло, целер, коренаш, 'рдокви и сличен коренест зеленчук за јадење, свеж или разладен |
| 37. | 0707 | Краставици и корнишони, свежи или разладени |
| 38. | 0708 | Мешунест зеленчук во мешунки или зрно, свеж или разладен |
| 39. | 0709 20 | Шпаргли, свежи или разладени |
| 40. | 0709 30 | Модар патлиџан, свеж или разладен |
| 41. | 0709 40 | Целер, освен целер коренаш, свеж или разладен |
| 42. | 0709 51 | Печурки за јадење од видот Agaricus, свежи или разладени |
| 43. | 0709 59 | Други печурки |
| 44. | 0709 60 10 00 | Слатки пиперки, свежи или разладени |
| 45. | 0709 60 99 10 | Пиперки од родот Capsicum или од родот Pimenta од 15 мај до 14 ноември, свежи или разладени |
| 46. | 0709 60 99 90 | Пиперки од родот Capsicum или од родот Pimenta од 15 ноември до 14 мај, свежи или разладени |
| 47. | 0709 70 | Спанаќ, новозеландски спанаќ и лобода, свежи или разладени |
| 48. | 0709 91 00 00 | Артичоки, свежи или разладени |
| 49. | 0709 92 90 00 | Маслинки |
| 50. | 0709 93 | Тикви, тиквички и бундеви (Cucurbita spp.) |

| | | |
|---|---|---|
| 51. | 0709 99 | Друг зеленчук, свеж или разладен. |
| 52. | 0710 | Зеленчук (неварен или варен на пареа или во врела вода), замрзнат |
| 53. | 0712 20 | Кромид, сушен |
| 54. | 0712 31 | Печурки за јадење од видот Agaricus, сушени |
| 55. | 0712 32 | Јудино уво (Auricularia spp.), сушени |
| 56. | 0712 33 | Желатинозна леденка (Tremella spp.) |
| 57. | 0712 39 | Друг зеленчук, сушен |
| 58. | 0712 90 05 00 | Компири сушени, сечени или несечени или во тенки листови, но понатаму необработени |
| 59. | 0712 90 19 00 | Пченка шеќерец (Zea mays var. saccharat), освен за сеидба |
| 60. | 0712 90 30 00 | Домати, сушени |
| 61. | 0712 90 50 00 | Моркови, сушени |
| 62. | 0712 90 90 00 | Друг зеленчук, сушен |
| 63. | 0713 10 90 10 | Сушен грашок (Pisum sativum), за човечка употреба |
| 64. | 0713 20 | Солен сушен грашок (Garbanzos) |
| 65. | 0713 31 | Грав сушен од видот Vigna mungo (L) Hepperli или Vigna Radiata (L) Wilczek |
| 66. | 0713 32 | Грав ситен црвен сушен (Adzuki) (Phaseolus) или (Vigna angularis) |
| 67. | 0713 33 90 00 | Грав обичен сушен (Phaseolus vulgaris), освен за сеидба |
| 68. | 0713 34 00 00 | Bambara грав (Vigna subterranea или Voandzeia subterranean) |
| 69. | 0713 35 00 00 | Cowpea грашок (Vigna unguiculata) |
| 70. | 0713 39 | Друг грав сушен (Vigna spp., Phaseolus spp.) |
| 71. | 0713 40 00 90 | Сушена леќа, освен за сеидба |
| 72. | 0713 50 | Боб сушен (Vicia faba var, major) и коњски боб сушен (Vicia faba var equina, Vicia faba rav. minor) |
| 73. | 0713 60 00 90 | Голубски грашок (Cajanus cajan):Друго |
| 74. | 0713 90 00 90 | Друг сушен мешунест зеленчук, освен за сеидба |
| 75. | 0714 | Маниока, арорут, салеп, ерусалемски артичоки, сладок компир и слични корења и грутки со висока содржина на скроб или инулин, свежи, разладени, замрзнати или сушени, цели или режани или во форма на пелети; срцевина од саго дрво |
| 76. | Глава 8 | Овошје и јатчесто овошје за јадење; кори од агруми или од дињи и лубеници |
| 77. | 0902 | Чај, неароматизиран или ароматизиран |
| 78. | 0903 | Мате-чај |
| 79. | 0904 | Пипер од родот Пипер; сушена или кршена или мелена пиперка од родот Capsicum или од родот Pimenta |
| 80. | 0905 | Ванила |
| 81. | 0906 | Цимет и цвет од циметово дрво |
| 82. | 0907 | Каранфилче (цели плодови, пупки и дршки) |
| 83. | 0908 | Мушкатен орев, мацис и кардамом |
| 84. | 0909 | Семе од анис, бадијан, анасон, коријандер, ким или кумин; бобинки од смрека |
| 85. | 0910 | Исиот, шафран, куркума, мајчина душица, ловоров лист, кари и други мирудии |
| 86. | 1001 19 00 00 | Тврда пченица, освен за сеидба |
| 87. | 1001 99 00 00 | Друг пир, обична пченица и напполица, освен за сеидба |
| 88. | 1002 90 00 00 | 'Рж, освен за сеидба |
| 89. | 1003 90 00 90 | Јачмен, освен за сеидба, освен пиварски и добиточен |
| 90. | 1004 90 00 00 | Овес, освен за сеидба |
| 91. | 1005 90 00 00 | Пченка, освен за сеидба |
| 92. | 1006 10 30 00 | Ориз во лушпа, освен за сеидба, етивиран (Parboiled), со кружни зрна |
| 93. | 1006 10 50 00 | Ориз во лушпа, освен за сеидба, етивиран (Parboiled), со средни зрна |
| 94. | 1006 10 71 00 | Ориз во лушпа, освен за сеидба, етивиран (Parboiled) со долги зрна, со однос должина/широчина поголем од 2, но помал од 3 |
| 95. | 1006 10 79 00 | Ориз во лушпа, освен за сеидба, етивиран (Parboiled), со долги зрна, со однос должина/широчина еднаков или поголем од 3 |
| 96. | 1006 20 | Ориз, лупен (костенлив) |

| | | |
|---|---|---|
| 97. | 1006 30 | Ориз, полубланширан или бланширан, полиран или неполиран или глазиран |
| 98. | 1006 40 | Кршен ориз |
| 99. | 1007 90 00 00 | Сорго во зрно, освен за сеидба |
| 100. | 1008 40 00 90 | Фонио |
| 101. | 1008 50 00 90 | Киноа |
| 102. | 1008 60 00 00 | Тритикале |
| 103. | 1008 90 00 90 | Други жита, освен за сеидба |
| 104. | 1101 | Брашно од пченица или наполица |
| 105. | 1102 | Брашно од жита, освен од пченица или наполица |
| 106. | 1103 11 | Јарма и гриз од пченица |
| 107. | 1103 13 | Јарма и гриз од пченка |
| 108. | 1103 19 | Јарма и гриз од други жита |
| 109. | 1104 | Жита во зрно поинаку обработени (на пр: лупени, валани во лушпи, перлирани, обрежани или гмечени), освен ориз од тар. број 1006; никулци од жита, цели, валани, во лушпи или мелени |
| 110. | 1105 | Брашно, гриз, прав, лушпи, гранули и пелети од компир |
| 111. | 1106 | Брашно, гриз и прав од сушен мешунест зеленчук што се распоредува во тар. број 0713, од саго-корења или кртоли што се распоредуваат во тар. број 0714 или од производите на Глава 8 |
| 112. | 1201 90 00 00 | Соја во зрно, вклучувајќи кршена или дробен, освен за седиба |
| 113. | 1202 41 00 00 | Кикиритки, во лушпа, освен за сеидба |
| 114. | 1202 42 00 00 | Лупени кикирики, кршени или некршени |
| 115. | 1203 00 00 00 | Копра |
| 116. | 1204 00 90 00 | Семе од лен |
| 117. | 1205 10 90 00 | Семиња од маслодајна репка со ниска содржина на еручна киселина, освен за сеидба |
| 118. | 1205 90 00 00 | Семе од маслодајна репка, освен за сеидба |
| 119. | 1206 00 91 00 | Семе од сончоглед, лупени; во лушпа со сиви и бели ленти, освен за сеидба |
| 120. | 1206 00 99 00 | Друго семе од сончоглед, освен за сеидба |
| 121. | 1207 10 00 00 | Палмов орев и јатки |
| 122. | 1207 29 00 00 | Семиња од памук, освен за сеидба |
| 123. | 1207 30 00 00 | Семиња од рицинус, освен за сеидба |
| 124. | 1207 40 90 00 | Семиња од сусам, освен за сеидба |
| 125. | 1207 50 90 00 | Семиња од синап, освен за сеидба |
| 126. | 1207 60 00 00 | Семе од шафраника (Carthamus tinctorius), |
| 127. | 1207 91 90 00 | Семиња од афион, освен за сеидба |
| 128. | 1207 99 91 00 | Семиња од коноп, освен за сеидба |
| 129. | 1207 99 96 00 | Други семиња, освен за сеидба |
| 130. | 1208 | Брашно и гриз од маслодајни семиња и плодови, освен од синап |
| 131. | 1212 | Рогачиња, морски и други алги, шеќерна репка и шеќерна трска, свежи, разладени, замрзнати или суви, вклучувајќи и мелени; голушки и јатки од овошје и други растителни производи (вклучувајќи корен од цикорија, непржен, од видот Cichorium intybus sativum), вид што превенствено се употребува за човечка исхрана, на друго место неспомнати ниту вклучени |
| 132. | 1501 10 90 00 | Друго сало |
| 133. | 1501 20 90 00 | Друга свинска маст |
| 134. | 1501 90 00 00 | Живинска маст |
| 135. | 1502 10 90 00 | Маснотии од животни од видовите говеда, овци или кози, освен оние од тар. број 1503: Лој: Друго |
| 136. | 1502 90 90 00 | Маснотии од животни од видовите говеда, овци или кози, освен оние од тар. број 1503: Друго: Друго |
| 137. | 1507 90 90 00 | Друго соино масло |
| 138. | 1508 90 90 00 | Друго масло од кикиритки |
| 139. | 1509 | Маслиново масло и негови фракции, пречистено или непречистено, но хемиски немодификувано: |

| | | |
|---|---|---|
| 140. | 1510 00 90 00 | Други масла и нивни фракции, освен сурови масла, добиени исклучително од маслинки, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани, вклучувајќи мешавини на овие масла или фракции со масла или со фракции од тар. број 1509: |
| 141. | 1511 90 11 00 | Палмово масло и негови фракции, цврсти фракции, освен сурово, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |
| 142. | 1511 90 19 00 | Друго палмово масло и негови фракции, цврсти фракции, освен сурово |
| 143. | 1511 90 99 00 | Друго палмово масло и негови фракции, освен сурово |
| 144. | 1512 11 91 00 | Друго масло од сончоглед |
| 145. | 1512 11 99 00 | Друго масло од шафран |
| 146. | 1512 19 90 00 | Масло од сончоглед или шафраника: Друго |
| 147. | 1512 29 90 00 | Друго памуково масло |
| 148. | 1513 11 91 00 | Масло од кокосов орев (корпа) и негови фракции; Сурово масло; Друго: Во пакување со нето маса од 1кг или помала |
| 149. | 1513 11 99 00 | Масло од кокосов орев (корпа) и негови фракции; Сурово масло; Друго: Во пакување со нето маса поголема од 1кг |
| 150. | 1513 19 11 00 | Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции, цврсти фракции, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |
| 151. | 1513 19 19 00 | Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции, цврсти фракции, во пакувања со нето маса поголема од 1 кг |
| 152. | 1513 19 91 00 | Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции, кои не се цврсти фракции, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |
| 153. | 1513 19 99 00 | Масло од кокосов орев (копра) и негови фракции, кои не се цврсти фракции, во пакувања со нето маса поголема од 1 кг |
| 154. | 1513 21 30 00 | Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции; Сурово масло; Друго: Во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |
| 155. | 1513 29 11 00 | Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции, цврсти фракции, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |
| 156. | 1513 29 19 00 | Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции, цврсти фракции, во пакувања со нето маса поголема од 1 кг |
| 157. | 1513 29 50 00 | Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции, кои не се цврсти фракции, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |
| 158. | 1513 29 90 00 | Масло од палмова јатка (голушка) или палмови ореви и нивни фракции, кои не се цврсти фракции, во пакувања со нето маса поголема од 1 кг |
| 159. | 1514 19 90 00 | Друго масло од репка |
| 160. | 1514 91 90 00 | Масло од репка или масло од синап и нивни фракции,пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани; Друго; Сурово масло; Друго |
| 161. | 1514 99 90 00 | Друго масло од синап |
| 162. | 1515 19 90 00 | Друго ленено масло и негови фракции |
| 163. | 1515 29 90 00 | Друго пченкарно масло и негови фракции |
| 164. | 1515 30 90 00 | Друго рицинусово масло и негови фракции |
| 165. | 1515 50 99 00 | Друго сусамово масло и негови фракции |
| 166. | 1515 90 11 00 | Тунгово масло; масло од јојоба и Oiticica; восок од мирта (myrtle) и јапонски восок; нивни фракции |
| 167. | 1515 90 39 00 | Друго масло од семе на тутун и негови фракции |
| 168. | 1515 90 51 00 | Други растителни масти и масла, неиспарливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции, пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани; Друго; Други масла и нивни фракции; Сурови масла; Друго; Цврсти, во пакување со нето маса од 1 кг или помала |
| 169. | 1515 90 59 00 | Други растителни масти и масла, неиспарливи (вклучувајќи масло од јојоба) и нивни фракции,пречистени или непречистени, но хемиски немодификувани; Друго; Други масла и нивни фракции;Сурови масла; Друго;Цврсти во пакување со нето маса поголемо од 1кг и течни |
| 170. | 1515 90 91 00 | Други масла и нивни фракции, цврсти, во пакувања со нето маса од 1 кг или помала |
| 171. | 1515 90 99 00 | Други масла и нивни фракции, цврсти во пакување со нето маса поголемо од 1 кг и течни |
| 172. | 1516 10 | Животински масти и масла и нивни фракции |
| 173. | 1516 20 10 00 | Хидрогенизирано рицинусиново масло, т.н. „опал-восок" |

| | | |
|---|---|---|
| 174. | 1516 20 91 00 | Растителни масти и масла и нивни фракции, во пакување со нето маса од 1 кг или помала |
| 175. | 1516 20 96 00 | Масло од семе од кикирики, памук, зрна на соја или семе од сончоглед; други масла кои содржат помалку од 50% по маса на слободни масни киселини и исклучувајќи го маслото од палмова јатка (голушка), илипа, кокосов орев, „colza", семе од репка, или масло од копаи |
| 176. | 1516 20 98 00 | Други растителни масти и масла и нивни фракции |
| 177. | 1517 | Маргарин; јастиви мешаници или препарати од масти или масла од животинско или растително потекло или од фракции на различни масти или масла од оваа глава, освен мастите или маслата за јадење и нивните фракции од тар. број 1516: |
| 178. | Глава 16 | Преработки од месо, риби, черупкари, мекотелци или од други водни безрбетници |
| 179. | 1701 91 00 00 | Шеќер со додадени средства за ароматизација или материи за бојосување |
| 180. | 1701 99 10 00 | Бел шеќер |
| 181. | 1701 99 90 00 | Друг шеќер |
| 182. | 1704 | Производи од шеќер (вклучувајќи бела чоколада), без какао |
| 183. | 1805 | Какао во прав, без додаден шеќер или други материи за засладување |
| 184. | 1806 | Чоколада и други прехранбени производи што содржат какао |
| 185. | Глава 19 | Производи врз база на жита, брашно, скроб или млеко; слаткарски производи |
| 186. | 2001 | Зеленчук, овошје, јатчесто овошје и други делови на растенија за јадење, приготвени или конзервирани во оцет или оцетна киселина |
| 187. | 2002 | Домати приготвени или конзервирани на друг начин освен со оцет или оцетна киселина |
| 188. | 2003 | Печурки и трифли, приготвени или конзервирани на друг начин освен во оцет или оцетна киселина |
| 189. | 2004 | Друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, замрзнат, освен производите од тар. број 2006 |
| 190. | 2005 | Друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производите од тар. број 2006 |
| 191. | 2006 | Зеленчук, овошје, јатчесто овошје, кори од овошје и други делови од растенија, конзервирани во шеќер (кандирани, суви или кристализирани) |
| 192. | 2007 | Џемови, овошни желеа, мармелади, пиреа од овошје и јатчесто овошје и пасти од овошје и јатчесто овошје добиени со варење, со додавање или без додавање на шеќер или други средства за засладување |
| 193. | 2008 | Овошје, јатчесто овошје и други јастиви делови на растенија, поинаку приготвени или конзервирани, со додавање или без додавање на шеќер или други средства за засладување или алкохол, на друго место неспомнати или опфатени: |
| 194. | Глава 21 | Разни производи за исхрана |
| 195. | 2209 | Оцет и замена за оцет добиени од оцетна киселина |
| 196. | 2501 00 91 00 | Сол погодна за човечка исхрана |

2. Публикации и тоа: книги, брошури и слични печатени материјали, весници и други периодични публикации, детски сликовници, книги за цртање и боење за деца и картографски производи од секаков вид, освен публикации кои служат претежно за рекламни цели, како и публикации со порнографска содржина, кои се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

| Ред. бр. | Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |

| | | |
|---|---|---|
Основни правила за употреба на табелите по однос на распоредувањето на стоките/добрата според царинската номенклатура, а на кои стоки/добра се применува повластена даночна стапка:

Ако пред тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава, во втората колона од табелите од став (1) на овој член не е наведена ознаката „ех", тогаш за сите стоки/добра кои согласно Законот за царинската тарифа се распоредуваат во тој/таа тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава се применува повластена даночна стапка во смисла на член 30 став (1) од Законот за данок на додадена вредност.

Ако пред тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава, во втората колона од табелите од став (1) на овој член е наведена ознаката "ех",тогаш повластена даночна стапка во смисла на член 30 став (1) од Законот за данок на додадена вредност, нема да се применува за сите стоки/добра кои согласно Законот за царинската тарифа се распоредуваат во тој тарифен број/ тарифен подброј /тарифна ознака/глава, туку повластена даночна стапка во однос на став (1) точки 2, 11, 13, 14 и 15 од овој член, ќе се применува само за оние стоки/добра од тарифен број/тарифен подброј/тарифна ознака/глава кои се во согласност со текстот кој што е наведен во третата колона од табелата пред кои има симбол "*".

Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 277/19).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2021 година.

## *ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ*

*дипл. економист: Јулија Минковска*

# *ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТАТА КАЈ САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

***Пресметка на платата кај самостојните вршители на дејност, се врши согласно Законот за Данок на личен доход („Службен весник на РМ” 241/2018; 275/19; 290/20), Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ” 142/08.......120/18; 247/18); Законот за работни односи („Службен весник на РМ” 62/05.......27/16; 120/18; 110/19; 110/19, 267/20) и други подзаконски акти.***

## *ВОВЕД*

Самовработено лице е физичко лице кое врши самостојна економска дејност или професионална и друга интелектуална услуга од која остварува доход.

***Под доход од самостојна дејност***, се смета доходот остварен од стопанска дејност, доходот од давање професионални и други интелектуални услуги, доходот од земјоделска дејност и доходот од други дејности, чија трајна цел е остварување на доход..

- **Под доход од стопанска дејност** се подразбира доход од (производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејноост.)
- **Под доход од професионални и други интелектуални услуги** се подразбира доход од (здравствена, стоматолошка, ветеринарна адвокатска, нотарска, канцелариска, ревизорска, инженериска, архитектонска, новинарска, спортска и друга интелектуална дејност.)

- **Под доход од земјоделска дејност** се подразбира доходот од (производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи, како и одгледување на добиток и други стопанско корисни животни и пласман на нивните производи.)

### *1. ОБВРЗНИК И ОСНОВА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОК НА ДОХОД ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ*

Согласно член 20 од Законот за Данок на личен доход, (***во продолжение Законот),*** Обврзник на данокот на доход, од самостојна дејност е:

- ***Трговец поединец;***
- ***Физичко лице кое врши земјоделска дејност***
- ***Лице кое врши занаетчиска дејност и***
- ***Лице кое врши услуги, кое остварува доход од вршење самостојна дејност.***

**НАПОМЕНА; Обврзникот се запишува во соодветен регистар, за вршење дејност.**

Согласно член 21 од Законот за данок на личен доход, **ОСНОВА** за пресметување на данокот на доход од самостојна дејност е ***разликата помеѓу Вкупните Приходи и Вкупните Расходи*** на обврзникот, утврдени во согласност со сметководствените прописи и сметководствените стандарди, **зголемена за непризнаените расходи за даночни цели.**

Ако повеќе физички лица, остваруваат доход со заедничко вршење на дејност, секое од нив е обврзник на данокот на доход за делот од доходот, што му припаѓа според Дого-ворот за заедничко вршење на дејност.

Ако со договорот не е утврдено нивното учество, за утврдување на даночната основа, се смета дека доходот се дели на еднакви делови.

На висината на даночната обврска на физичкото лице за делот од доходот, нема влијание фактот дали доходот од заедничкото вршење на дејност е распределен или не.

## *2. ОБВРЗНИЦИ И ОСНОВА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ПЛАТА КАЈ САМОСТОЈНИТЕ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

Согласно Законот за работни односи, самовработеното лице не остварува плата и не може да има статус како и останатите вработени кај него ***и затоа во Даночниот биланс не претставуваат даночно признат расход.***

Доколку со МПИН пријавата покрај за неговите вработени се исплатува плата и за самостојниот вршител на дејност ***истата е даночно непризнат расход.*** Платениот данок на доход врз наведената основа со МПИН пријава, може да добие третман само на платена аконтација.

***За самостојниот вршител на дејност во МПИН пријавата се плаќаат само:***

- **Придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, и**
- **Задолжително здравствено осигурување.**

Во таа смисла е и одредбата на членот 26 од Законот за Данок на личен доход, според која на товар на расходите во Даночниот биланс за оваа категорија обврзници, един-ствено се признаваат:

- **Придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигување и придонес за вработување на обврзникот кој остварува доход од самостојна дејност, данокот на имот, таксите и другите јавни давачки, што се во функција на вршење на дејноста;**
- **Платениот данок на доход за извршени исплати кон физички лица.**

### *2.1. Обврзници за плаќање пресметка и уплата на придонеси*

#### *2.1.1. Обврзници за плаќање на придонеси*

Согласно член 7 став (1) точка 5, член 10 став (1) точка 3 и член 12 став (1) точка 1 од Законот за придонеси од социјално осигурување, **ОБВРЗНИК ЗА ПЛАЌАЊЕ** на придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, придонес за

задолжително здравствено осигурување и придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност***, е работник во работен однос кај самовработеното лице.***

### *2.1.2. Обврзник за пресметка и уплата на придонеси*

Согласно член 13 став (1) точка 2 од Законот за придонеси, **ОБВРЗНИК** за пресметка и уплата на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонес за здрав-ствено осигурување ***е САМОВРАБОТЕНОТО ЛИЦЕ***, ***само за себе***.

Согласно оваа одредба самовработеното лице – сопственикот (физичко лице кое врши самостојна економска или професионална и друга интелектуална дејност) ***не е обврзано да пресметува и плаќа придонес за вработување.***

**НАПОМЕНА: Самовработеното лице, само пополнува и доставува образецот МПИН до Управата за јавни приходи.**

### *2.2. Основица за пресметување на придонеси*

Согласно член 14 став (1) точка 4 од Законот за придонеси, Основица за пресметка и плаќање на придонеси ***за самовработено лице претставува МЕСЕЧНАТА АКОНТАЦИЈА на НЕТО ПРИХОДОТ, односно на паушално утврдениот Нето приход на кој се плаќа данокот.***

Според тоа, Месечната основа за плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување за самостојните вршители на дејност е Месеч-ниот нето приход, кој се добива кога Основата за пресметување на данокот (***износ искажан во р.бр. VI АОП – 28***) од ***Годишниот даночен биланс за Данок на доход – Образец „ДЛД - ДБ***”, од последната годишна сметка, ***ќе се подели со месеците во кои работел*** вршителот на самостојна дејност.

### *2.2.1. Основица за пресметка и плаќање на придонеси во ПРВАТА година на отпочнување на вршење на дејност*

Согласно член 14 став (1) точка 14 алинеа 7 од Законот, **до истекот на првата календарска година** во која започнале со вршење на дејност, самостојните вршители на економска дејност, како и вршителите на професионална и друга интелектуална дејност, придонесите ги плаќаат на основица од **50%** од просечно исплатената месечна плата по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, **од причина што во првата година на отпочнување на дејноста немаат податоци за остварениот месечен нето приход.**

Доколку вршителите на самостојна дејност започнале да ***ја вршат дејноста во 2021 година***, придонесите за ПИО и здравство, ги плаќаат на следните основи:

- ***Самовработени лица – вршители на економска дејност (таксисити, занаетчии и слично);***

***20.571,00 denari;***

- ***Самовработени лица – вршители на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извр-шители, сметководители и слично);***

***20.571,00 denari (41.141,00 x 50%).***

### *2.2.1.1. Пресметка на придонеси кај самовработено лице кое ПРВАТ ПОЧНУВА СО ДЕЈНОСТ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА*

**ПРИМЕР:** Самостоен вршител на дејност **– Адвокат,** отпочнал со вршење на дејност во **МАРТ/2021 година.**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. Најниска месечна основа за придонеси** | **20.571,00** |
| 2 Придонес за ПИО(20.571 х 18,8%) | 3.867,00 |
| 3. Придонес за здравство(20.571 х 7,5%) | 1.543,00 |
| 4. Дополнително здравство(20.57 х 0,5%) | 103,00 |
| **5. Вкупно придонеси (2+3+4)** | **5.513,00** |

***1. ПОПОЛНУВАЊЕ на Образец МПИН – кај вршители на интелектуална дејност (кои прват почнуваат со работа во тековната година)***

Во Образецот МПИН за самовработеното лице кое се занимава со Интелектуална дејност (адвокати, нотари извршители и други), се внесуваат следните податоци:

- **На поле 1.4 – *Вид на обврзник*** за пресметка и уплата на придонеси се внесува шифра **111 - *Самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална дејност*.**
- **Полињата 3.44, 3.45 и 3.46 за** Данок на доход и за придонес за вработување не се пополнуваат.
- **Полето 3.31** – Ефективна плата за самовработено лице се **пополнува со нула (0**), а во
- **Поле 3.17б –** Шифра за ослободување од плаќање на придонеси и персонален данок се внесува (шифрата 060 - Самовработено лице (***Интелектуална дејност), кое дејноста ја започнува во тековната година.***

***2.2.2. Најниска основица за пресметка и уплата на придонеси***

Согласно член 15 став 1 од Законот за придонеси, **НАЈНИСКА** основица за пресметка на придонесите за самовработеното лице кое што се занимава со економска дејност ***(занаетчии, земјоделци, угостители и други*)**, **не може да**

**биде пониска од 50%** од просечна плата по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завот за статистика за 2020 година изнесува:

***20.571,00 denari (41.141,00 x 50%).***

Додека за самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга ***(адвокати, нотари, извршители и други)***, основица за пресметување и плаќање на придонесите, односно основицата за осигурување за тековната година не може да биде пониска од просечната плата по работник во Република Македонија, објавена во месец јануари, во тековната година, која изнесува:

***41.141, 00 денари***

Доколку тој износ е помал од најниската основица за пресметување на придонесите, ***пресметката ке се врши на износ од:***

- **20.571,00 денари,** за самовработеното лице, кое што се занимава со економска дејност (занаетчии, земјоделци, угостители и други), односно
- **41.141,00 денари** за самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга (адвокати, нотари, извршители и други).

***2.2.2.1. Пресметка на НАЈНИСКА ОСНОВИЦА за придонеси кај самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга (нотари, адвокати извршители и други).***

***ПРИМЕР:*** Самостоен вршител на дејност – занаетчија, врз основа на Годишниот даночен биланс ***(Образец ДЛД –ДБ)*** за 2020 на ***(АОП – 28), Основата за пресметка на придонесите*** на годишно ниво му изнесува 200.000,00 денари.

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) ***АОП – 28 оd (ДЛД-ДБ)*** | 200.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3. Месечна основа за приходи(1:12 ) | 16.667,00 |
| **4. Најниска месечна основа за придонеси** | **20.571,00** |
| **5. Основа за пресметка на придонеси** | **20.571,00** |
| 6. Придонеси за ПИО (20.571 x 18,8%) | 3.867,00 |
| 7. Придонеси за здравство (20.571 x 7,5) | 1.543,00 |
| 8. Дополнително здравство(20.571 x 0,5) | 103,00 |
| **9. Вкупно придонеси (6 + 7+ 8):** | **5.513,00** |

***НАПОМЕНА*: Бидејќи месечната нето основица во висина од 16.667,00 е ПОНИСКА од најниската со закон загарантирана основица во висина од 20,571,00 денари, занаетчијата ќе пресметува придонеси во висина од 20.571,00 денари, а доколку основицата е ПОВИСОКА од 20.571,00 денари, придонесите ќе се пресметуваат во висина на Месечната основица, утврдена од (Образецот ДЛД-ДБ), поделено со бројот на месеците.**

***1. ПОПОЛНУВАЊЕ на Образец МПИН – кај вршители на економска дејност***

Во Образецот **МПИН** за самовработеното лице кое се занимава со економска дејност ***(таксисити, занаетчии и други),*** се внесуваат следните податоци:

- **На поле 1.4 – *Вид на обврзник*** за пресметка и уплата на придонеси се внесува шифра **112 - *Самовработено лице, кое врши самостојна економска дејност.***
- **Полињата 3.44, 3.45 и 3.46** за Данок на доход и за придонес за вработување, не се пополнуваат.
- **Полето 3.31 –** Ефективна плата за самовработено лице се **пополнува со нула (0),** а во
- **Поле 3.17б –** Шифра за ослободување од плаќање на придонеси и персонален данок се внесува ***(шифрата 001 - обврзник самовработено лице кој не е обврник***

***за плаќање на придонес за вработување и персоналниот данок на доход, го пресметува и плаќа по Годишниот даночен биланс).***

За вработените лица кај вршителот на економска дејност, работодавачот **пресметува и плаќа:**

- ***Придонес за Пензиско и инвалидско осигурување;***
- ***Придонес за здравствено осигурување;***
- ***Придонес за дополнително здравствствено осигурување;***
- ***Придонес за вработување и***
- ***Данок на доход.***

***Нето платата*** за исплата на вработените лица во “самовработеното лице“ се уредува со Правилникот за исплата на плати, кој е акт на работодавачот***.***

***За вработените кај самовработеното лице, во поле 3.17 се внесува:***

- ***Шифрата 050 – време поминато во работен однос со полно работно време***) и за истите се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и Данок на личен доход.

*2.2.2.2. Пресметка на придонеси кај САМОВРАБОТ-ЕНО ЛИЦЕ „КОЕ ВРШИ ПРОФЕСИОНАЛНА И ДРУГА ИН-ТЕЛЕКТУАЛНА услуга (нотари, адвокати извршители и др.)*

**ПРИМЕР: Самостоен вршител на дејност “НОТАР”,** врз основа на Годишниот Даночниот биланс на **АОП 28 (Образец ДЛД – ДБ)** за 2020 година, има утврдено Нето-приход во висина од **1.250.000,00 денари** на годишно ниво или месечно во висина од **104.167,00 денари** ***(1.250.000 : 12 = 104.167,00).***

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) ***АОР – 28 (od DLD –DB)*** | 1.250.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3. Месечна основа за придонеси | 104.167,00 |
| **4. Најниска основа за придонеси** | **41.141,00** |
| **5. Основа за пресметка на придонеси** | **104.167,00** |
| 6. Придонеси за ПИО (104.167 х 18,8%) | 19.583,00 |
| 7. Придонеси за здравство (104.167 х 7,5%) | 7.813,00 |
| 8. Дополнително здрвство (104.167 х 0,5%) | 521,00 |
| 9**. Вкупно придонеси(6+7+8)** | **27.917,00** |

***НАПОМЕНА Самостојниот вршител на дејност Адвокат е должен да плати придонеси врз основа на Месечна аконтација на нето приходот на кој се плаќа данокот на личен доход во износ од 104.167,00 денари, бидејќи овој износ е ПОГОЛЕМ од најниската основица во висина од 41.141,00 денари. Доколку Месечната аконтација на Нето-приходот изнесуваше пример 20.833,00 денари (250.000 : 12), придонесите се плаќаат на најниската основица во висина од 41.141,00 денари.***

***1. ПОПОЛНУВАЊЕ на Образец МПИН – кај вршители на професионална и друга интелектуална услуга*** *(нотари, адвокати извршители и други).*

Во Образецот МПИН за самовработеното лице, кое се занимава со професионална или друга интелектуална дејност, во поле :

- **Во поле 1.4 – Вид на обврзник** за пресметка и уплата на придонеси се внесува шифра 111 - самовработено лице кое врши професионална и друга интеле-ктуална дејност (адвокати, нотари, извршители, сметководители и други ).

- **Полињата 3.44, 3.45 и 3.46** за Данок на доход и за при-донес за вработување не се пополнуваат и
- **Полето 3.31 –** ефективна плата за самовработено лице, се внесува нула (0), а во
- **Поле 3.17б –** шифра за ослободување од плаќање придонеси и данок се пополнува (шифрата 001) обврзник самовработено лице, кој не е обврзник за плаќање на придонес за вработување и данок на доход, го пресметува и плаќа **по Годишен даночен биланс.**

За вработените лица кај вршителот на професионална и друга интелектуална услуга, работодавачот пресметува и плаќа:

- **Придонес за пензиско и инвалидско осигурување;**
- **Придонес за здравствено осигурување;**
- **Придонес за дополнително здравствствено осигурување;**
- **Придонес за вработување и Данок на личен доход.**

**Нето платата** за вработените лица кај ***“самовработеното лице“*** се уредува со Правилникот за исплата на плати, кој е акт на работодавачот.

**За самовработеното лице,** кое се занимава со Интелектуална дејност и започнува со вршење на дејноста во тековната година, во полето 3.17б – Шифра за ослободување од плаќање придонеси и данок се внесува шифра 060 - самовработено лице (Интелектуална дејност), кое дејноста ја започнува во теков-ната година.

За вработените кај вршителот на интелектуална и економска дејност**, работодавачот пресметува и плаќа:**

- ***Придонес за Пензиско и инвалидстко осигурување;***
- ***Придонес за задолжително здравствено осигурување;***
- ***Придонес за вработување.***

Нето платата за вработените кај вршителите се уредува со Правилник за исплата на плати - Акт на работодавачот.

За овие вработени во поле 3.17б се внесува шифра 050 и за истите се пресметуваат придонесите од задолжително социјлно осигурвање и Данок на личен доход.

### *2.2.3. Највисока основица за пресметка и уплата на придонеси*

Согласно член 16 став (3) од Законот, **НАЈВИСОКА месечна основица** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од ***Дванаесет (12) просечни плати.***

При пресметка на највисоката ***Месечна основица*** за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, која за 2020 изнесува:***493.692,00 денари (12 х 41.141, 00)***

**НАПОМЕНА: Доколку месечната аконтација на нето приходот, односно на паушално утврдениот нето доход на кој се плаќа данок е повисок од највисоката основица (493.692,00 денари), тогаш придонеси ќе се плаќаат до наведениот износ**.

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.**

**ПРИМЕР:** Адвокатот “”НН””, врз основа на Годишниот даночен биланс ***(Образец ДЛД – ДБ)* за 2020 година**, има утврдено нето приход во висина од **6.250.000,00 денари** на годишно ниво или месечно во висина од **520.833,00 денари.**

***Пресметката е следната:***

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) АОП – 28 **(DLD - DB**) | 6.250.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3**. Месечна основа за придонеси(1:2)** | **520.833,00** |
| **4. Највисока месечна основа за придонеси (41.141 x 12)** | **493.692,00** |
| 5. Придонеси за ПИО (493.692 x 18,8%) | 92.814,00 |
| 6. Придонеси за здравство (493.692,00 x 7,5%) | 37.027,00 |
| 7. Дополнително здравство (493.692,00 x 0,5) | 2.468,00 |
| **8. Вкупно придонеси до највисока основица** | **132.309,00** |
| 9. Намалување на плата за придонеси (3 - 8) | 388.524,00 |
| **10. Даночно намалување за 2021** | **8.438,00** |
| 11. Основа за данок (9 -10) | 380.086,00 |
| **12. Данок на доход (9 x 10%)** | **38.009,00** |
| **13. Нето плата (9 – 12)** | **350.515,00** |

# ДАНОК НА ДОХОД

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## *ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧНИ АКОНТАЦИИ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ ВО 2021 ГОДИНА КАЈ САМОСТОЈНИТЕ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

***Начинот на пресметка на месечните аконтации на данокот на доход за приходи од вршење на самостојна дејност, кои се оданочуваат според вистински доход, се регулиурани согласно Законот за данок на личен доход („Службен весник на РМ" 241/18; 275/19; 290/20; 85/21).***

### *ВОВЕД*

**Под доход од самостојна дејност** се смета доходот остварен од стопанска дејност, (*производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејност), **доходот од давање професионални и други интелектуални услуги**, (*здравствена, стоматолошка, ветеринарна, адвокатска, нотарска, консултантска, сметководствена, ревизорска, проценителска, инженерска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност).* **доходот од земјоделска дејност (***производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи, како и одгледување добиток и други стопанско-корисни животни и пласман на нивните производи)* и доходот од други дејности, чија крајна цел е остварување доход.

## *2. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИ АКОНТАЦИИ НА ДАНОК НА ДОХОД КАЈ САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

### *2.1. Пресметување на данок на доход*

Согласно член 90 од Законот за Данок на личен доход, ***(во продолжение Законот***), **Обврзниците** на данок на доход од вршење на самостојна дејност, кои се оданочуваат според вистински доход, Месечната аконтација на данокот на доход ја пресметуваат врз ос-нова на податоците од Годишниот даночен биланс на ***Образецот “ДЛД - ДБ”,*** за претходната година.

Според тоа вршителите на самостојна дејност **МЕСЕЧНИТЕ АКОНТАЦИИ ЗА ДАНОК НА ДОХОД** во 2021 година, ќе ги плаќаат во висина од 1/12 (***една дванаестина***), од износот на Пресметаниот данок искажан на:

**Р.бр. VII – (АОП 31) од Годишниот даночен биланс од (Образец ДЛД - ДБ), за 2020 година.**

**Поднесувањето на Образецот “ДЛД-ДБ” и Образецот “Б” за 2020 година, се врши по електронски пат преку e-pdd.ujo.gov.mk.**

Со поднесувањето на **ОБРАЗЕЦОТ “ДЛД-ДБ**” ,од страна на УЈП, **автоматски се креираат пресметките за конечна даночна обврска по Даночниот биланс 2020 година, и Аконтативните пресметки за плаќање на Месечните аконтации во 2021 година.**

Пресметките може да ги прегледате во менито **”АКОНТАТИВНА ПРЕСМЕТКА”** и да испечатите рекапитулација.

Реализацијата на налозите за плаќање на аконтациите во 2021 година, треба да се изврши преку **Образецот “ПП-53” (налог од рекапитулација).**

**Налозите за плаќање на Аконтациите на данокот на доход за месеците МАРТ до ДЕКЕМВРИ/2021 година, и ЈАНУАРИ/2022 година, се креираат од УЈП во системот е-ПДД со поднесувањето на ОБРАЗЕЦОТ ”ДЛД - ДБ” ЗА 2020 година, како 1/12 од АОП - 31 Пресметан данок од Образецот “ДЛД-ДБ” за 2020 година.**

**НАПОМЕНА: При плаќање на аконтацијата не се доставува посебен образец до УЈП. Пресметаниот износ на месечната аконтација не се зголемува за процентот на Кумулативниот пораст на цените на мало (МДБ), кој се користи при пресметување на месечната аконтација на данокот на добивка.**

### *2.2. Можност за промена на Месечната аконтација која ја плаќа трговецот поединец и Самостојниот вршител на дејност*

Согласно член 91 од Законот, доколку условите под кои е утврдена Аконтација на данокот на доход значајно се изменат, обврзникот може да бара промена на Аконтацијата, **односно УЈП може во согласност со новите околности, да утврди нова аконтација.**

### *2.3. Плаќање на Годишен данок на доход и Месечни аконтации*

Согласно член 100 од Законот, обврзникот на данокот на доход, за доходот остварен од самостојна дејност е должен да ја уплати разликата меѓу уплатената аконтација, и пресметаниот данок на доход ***во рок од 15 дена***, од денот на истекот на рокот за преда-вање на Годишниот даночен биланс за 2020 година, односно ***до 30.03.2021 година.***

Доколку обврзникот по годишен даночен биланс пла-тил пого-лем износ на данок, од износот што бил должен да го плати, може од Управата за Јавни Приходи да бара враќање на повеќе платениот да-нок или да го користи за пребивање со месечните аконтации за следниот период.

**Месечните аконтации** на данок на доход, се плаќаат ***до 15-ти во тековниот за претходниот месец.***

Аконтацијата на данок на доход за Јануари 2021 година, се плаќа во висина на платената аконтација за Декември 2020 годи-на.

**ПРИМЕР 1**: Самостоен вршител на дејност - Адвокат-ско биро “НН” во Образецот “ДЛД - ДБ” за 2020 година на (АОП – 31), ут-врдил обврска за годишен данок во износ од 260.000 денари. Месечната аконтација за период од февруари 2021 до јануари 2022 година, ќе изнесува:

**260.000 : 12 = 21.667 денари.**

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 810 – Аконтација на персонален данок на доход | 21.667 | |
| 100 – Трансакциска сметка | | 21.667 |

***(платена месечна аконтација за м. II/2021)***

Плаќањето на месечните аконтации за данок на доход ***нема да се врши преку системот на е-ДЛД - ДБ***, односно ***ќе се плаќа како и до сега, со налог за јавни приходи ПП-53.***

Согласно Упатството за изменување и дополнување на Упатството за формата и содржината на платните инс-трументи („Службен весник на РМ” 197/2017), при пополнување на полето **“Повикување на број – задолжување**” од образецот ПП-50 потребно е во првите 17 полиња ***да се впишува нумерички податок за почетниот и крајниот датум на даночниот период (ддммгггг-ддммгггг).***

### *2.4. Утврдување на месечни аконтации за самостојни вршители, кои започнале со вршење дејност во 2021 година*

Согласно член 94 став 3 од Законот, самостојните вршители на дејност, кои започнуваат да вршат дејност **во тековната година**, месечните аконтации на данок на доход за првата година ги плаќаат **на основица од 50%** од просечна нето плата по работник во РСМ објавена во јануари во тековната година, според Државниот завод за статистика.

Согласно ова одредба, самостојните вршители на дејност и трговци поединци, кои ќе започнат да вршат дејност во 2021 година, ***имаат обврска секој 15-ти во месецот*** за претходниот месец во 2021 година и за месец јануари 2022 година да плаќаат Месечни аконтации **на основа од 50%** од просечна нето плата по работник во РСМ, објавена во јануари во тековната година, која според Соопштението на ДЗС бр. 4.1.21.08 од 21.01.2021 година, изнесува:

***27.588,00 денари.***

Согласно оваа законска одредба, ***самостојните вршители на дејност, трговци поединци***, кои дејноста почнуваат да ја вршат во 2021 година, аконтацијата на данокот на доход до крајот на годината, ќе ја пресметуваат и плаќаат на основица која изнесува:

***13.794,00 денари (27.588 x 50%)***

**ПРИМЕР 2:** Самостоен вршител на дејност – Овластен сметководител во месец јануари 2021 е регистриран за вршење на сметководствени услуги.

Основа за пресметка на месечна аконтација на персонален данок за месец јануари 2021 година, изнесува: 13.794,00 денари. (27.588,00 x 50%).

Месечната аконтација за персонален данок на доход за месец јануари изнесува :1.379,00 денари. (13.794 x 10% ).

**НАПОМЕНА: За месеците јануари - декември 2021 и месец јануари 2022 година, ке се плаќа месечна аконтација во износ од 1.379,00 денари, додека за месец февруари 2022 година, основа за пресметка на месечна аконтација ке се утврди во висина од 1/12 од пресметаниот персонален данок на доход на (АОП 31) од “Образецот “ДЛД - ДБ” за 2020 годиона.**

### *2.5. Обврзници кои не се должни да плаќаат месечни аконтации*

Самостојните вршители на дејност кои во ***(Образецот ДЛД - ДБ)***, ***за 2020 година на АОП – 31*** не искажале обврска за данок на доход, **НЕ СЕ ДОЛЖНИ да плаќаат Месечни аконтации за данок на доход ВО ТЕКОТ НА 2021 ГОДИНА.**

Вршителите на дејност кои платиле **поголеми аконтации** од обврската за пресметаниот данок на доход, ***може во 2021 година да не плаќаат Месечни аконтации***, односно месечната обврска ***да ја пребијат со вишокот платен данок од 2020 година.***

Обврска за плаќање на данок на доход од **АОП 31** од ***Образецот "ДЛД - ДБ"*** за 2020 година **НЕМААТ** и вршители на дејност кои се ослободени од плаќање данок на доход по други закони, како што е Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и имаат **добиено ПОТВРДА од Агенцијата за вработување за ослободување од плаќање на данок на доход во наредните три години.**

### *1.6. Уплатни сметки за плаќање на месечни аконтации*

Месечните аконтации **НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ** се уплаќаат на истите сметки на кои се плаќа обврската ***за Годишниот данок на доход.***

1. ***Данок на доход на приходи од самостојна дејност*** освен од занаетчиска дејност на следната уплатна сметка**:**
   ***840 - (општина) 01471*** ***приходна 711118***
2. ***Данок на доход од физички лица*** кои се занимаваат со занаетчиска дејност на следната сметка:
   ***840 – (општина) 01536 и приходна*** ***711133***

Согласно Упатството за начин на евидентирање, распоред и поврат на јавните приходи ("Службен весник на РМ" 188/2018, 42/2021), ***при плаќањето на јавните приходи на уплатната сметка 840-01471 – Приходно конто***, се

пополнува зависно од видот на данокот на доход на приходи од самостојна дејност што се плаќа, кое приходно конто произлегува од Правилникот за класификација на приходите објавен во „Службен весник на РМ” 188/2018; 46/2021.

| ***Приходно конто*** | ***Назив*** |
|---|---|
| **711118** | Данок на приходи од самостојна дејност, освен од занаетчиска, адвокатска, нотарска и дејност на **ИЗВРШИТЕЛИ** |
| **711144** | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност ***на АДВОКАТИ*** |
| **711145** | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност ***на НОТАРИ*** |
| **711146** | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност ***на ИЗВРШИТЕЛИ*** |

**ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ**

*М-р. Магдица Костадинова*

# *НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА ПЛАТЕН ПРОМЕТ СО СТРАНСТВО*

***Начинот на вршење на платниот промет со странство е регулиран согласно Законот за Народна банка на РМ (“Службен весник на РМ” 158/10; ...6/16 и 83/18), Упатството за начинот на вршење на платен промет со странство (“Службен весник на РМ” 141/16….41/19; 38/20 и 7/21), и Одлука-та за начинот на вршење на платен промет со странство (“Службен весник на РМ”42/11).***

## *ВОВЕД*

Согласно Упатството за вршење на платен промет со странство, се пропишува начинот за вршење на платниот промет со странство, обрасците и другите документи коишто се употребуваат во платниот промет со странство, како и начинот на Известување за потребите на НБРМ.

Платниот промет со странство, се врши преку тековните сметки во странска валута на банките отворени во странство и во РМ, како и преку тековните сметки во странска валута или во денари на нерезиденти, отворени кај банки во РМ.

Наплатите и плаќањата во платниот промет со странство, се вршат со вообичаените инструменти на меѓународниот платен промет (дознака, инкасо-документи, акредитив, чекови и други инструменти на безготовинско плаќање), како и со ефективни странски пари.

Банките ги евидентираат трансакциите во странска валута на девизните сметки во денарска противвредност, во согласност со „Методологијата за евидентирање на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи", како и во оригиналната валута.

За таа цел за потребите на НБРМ, во одредени временски периоди, правните субјекти потребно е да ги достават следните Известувања:

**1.** Непосредно известување за побарувањата и обврските од комерцијалното работење со нерезиденти (**Образец ”КИПО”);**

**2.** Непосредно известување за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти (**Образец ”МИ”);**

**3.** Известување за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања во странство (**Образец ”ВС 11”);**

4. Известување за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања од странство (**Обрасци „ВС 22” и “КВС 22”);**

**5.** Известување за состојбата и промените на вложувањата на резидентите во хартии од вредност на странските финансиски пазари (**Обрасци ”ВХВ1” и “ВХВ2”).**

### *1. НЕПОСРЕДНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ОД КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ СО НЕРЕЗИДЕНТИ (ОБРАЗЕЦ ”КИПО”)*

Согласно Упатство за начинот на непосредното известување за побарувањата и обврските од комерцијалното работење со нерезиденти, (“Службен весник на РМ” 108/2014), НБРМ, го пропишува начинот на непосредното

известување на резидентите за состојбата и промените на побарувањата и обврските од комерцијалното работење со нерезиденти коишто достасуваат во рок до една година со или без договор за кредит, без оглед на тоа дали се веќе стасани за плаќање или не.

### *1.1. Предмет на известувањето*

Согласно точка 2 од Упатството, побарувањата и обврските од комерцијално работење со нерезиденти кои што се предмет на известување, се **сите побарувања** од купувачи - нерезиденти, односно обврски кон добавувачи нерезиденти, настанати врз основа на купопродажба на стоки и услуги како што се:

- *издадени/примени фактури за извоз/увоз на стоки и услуги;*
- *наплати/плаќања врз основа на извоз/увоз на стоки и услуги;*
- *дадени/примени аванси врз основа на стоки и услуги;*
- *купени/продадени побарувања кои што потекну-ваат од првично склучена комерцијална работа и*
- *преземени/отстапени обврски кои што потекну-ваат од првично склучена комерцијална работа и слично.*

Побарувањата и обврските од комерцијалното рабо-тење со нерезиденти, кои што не се предмет на известување, **се:**

- **Побарувања и обврски** од комерцијалното работење врз основа на договор за кредит, со рок на достасување **над една година**.
- **Побарувања и обврски** од комерцијалното работење, коишто врз основа на дополнително склучени договори за кредит, **преминуваат во долгорочни**.
- За овие побарувања и обврски се известува поединечно, согласно со Одлуката за начинот и условите за поднесување извештаи, за склучени кредитни работи.

### *1.2. Начин на известување*

Согласно точка 4 од Упатството и точка 6 од Одлуката за начинот и постапката на известување за трансакции со нерезиденти, за потребите на упатството, **известувачи се оние резиденти, кои што врз основа на постапка за избор на примерок, се определени како известувачи и кои што добиле писмено известување од Народната банка, дека се избрани за известување.**

Известувачите ја известуваат НБРМ **(Образецот ”КИПО”)** - **Квартален извештај за побарувања и обврски).**

**Известувачите известуваат квартално, најдоцна во рок од 30 (триесет) дена, по истекот на кварталот за кој се известува и тоа:**

| | |
|---|---|
| **I квартал (за месец I-II-II)** | **30 АПРИЛ;** |
| **II квартал (за месец IV-V-VI)** | **30 ЈУЛИ;** |
| **III квартал (за месец VII-VIII-IX)** | **30 ОКТОМВРИ;** |
| **IV квартал (за месец X-XI-XII)** | **30 ЈАНУАРИ.** |

Известувањето се врши во електронска форма и се потпишува со електронски потпис.

***НАПОМЕНА: Народната банка и известувачите може да се договорат и за поинаков начин на доставување на податоците.***

Известувачите, на барање на НБРМ, се должни да ги усогласат податоците, или да ги објаснат и да ги протолкуваат разликите помеѓу нивните извештаи и податоците добиени од банките, овластени за платен промет со странство, или со другите извештаи доставени до НБРМ.

Известувачот ја потврдува и одговара за точноста на податоците, внесени во образецот.

Известувачот може да овласти друго правно лице да известува во негово име, во својство на овластен доставувач на извештаи.

## *2. НЕПОСРЕДНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОМЕНИТЕ НА СМЕТКИТЕ НА РЕЗИДЕНТИ ВО СТРАНСТВО И НА ЕВИДЕНЦИСКИ СМЕТКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ СО НЕРЕЗИДЕНТИ (ОБРАЗЕЦ ”МИ”)*

Согласно Упатство за начинот на непосредно известување за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти („Службен весник на РМ” 108/2014), НБРМ, ги пропишува начинот, постапката и роковите на непосредно известување, и ја утврдува формата и содржината на **(Образецот “МИ”),** Месечен извештај за известување за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти.

**За потребите на ова упатство, известувачи се:**

- Резидентите **кои добиле одобрение** од Народната банка, за отворање сметка кај странска банка; и
- Резидентите кои кај Народната банка **впишале евиденциска сметка** за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски, со нерезиденти.

### *2.1. Начин на известување*

Согласно точка 3 од Упатството, известувачите ја известуваат Народната банка на ***(Образец “МИ”)*** на месечна основа, **најдоцна во рок од 20 (дваесет) дена, по истекот на месецот за кој се известува.**

Состојбата, за потребите на ова упатство, претставува состојба на сметките кај странските банки и евиденциските сметки на почетокот, односно на крајот на извештајниот период.

Промените на состојбите на сметките, ги вклучуваат сите трансакции настанати во извештајниот период.

Известувањето се врши во електронска форма и се потпишува со електронски потпис.

Резидентите, на барање на Народната банка, се должни да ги усогласат податоците или да ги објаснат и да ги протолкуваат разликите помеѓу нивните извештаи и податоците добиени од банките овластени за платен промет со странство, или со другите извештаи доставен и до Народната банка.

Образецот “МИ” се изготвува и се доставува во оригинална валута во која е отворена сметката во странство или евиденциската сметка.

### *3. ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И НА МЕЃУКОМПАНИСКИОТ ДОЛГ НА КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИТЕ СУБЈЕКТИ ВРЗ ОСНОВА НА ВЛОЖУВАЊА ВО СТРАНСТВО (ОБРАЗЕЦ “ВС 11”)*

Согласно Упатството за начинот на известување за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања во странство, (“Службен весник на РМ” 108/2014, 200/16 и 185/17), се пропишуваат начинот на известување за состојбата и промените на капиталот и меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти, врз основа на вложувања во странство, формата и содржината на годишниот извештај за вложувања во странство и, рокот на доставување на образецот и начинот на нивното пополнување.

За потребите на ова упатство, одделните поими го имаат следново значење:

1. Синџир на поврзаност претставува структура на вертикални (директни и индиректни) и хоризонтални врски помеѓу инвеститорите и претпријатијата, во кои се инвестира.

2. Претпријатие во кое се и нвестира претставува резидент (правно лице) коешто има капитално вложување од нерезидент (правно или физичко лице) и/или има побарувања/обврски од работењето со инвеститор и нерезиденти (меѓукомпаниски долг), во зависност од видот на поврзаноста.

Разликуваме неколку видови поврзаност со претпријатијата во кои се инвестира - нерезиденти, врз основа на кои дефинираме неколку видови инвеститори:

**Директен инвеститор** е резидент кој учествува со 10% или над 10% во капиталот на претпријатието во кое се инвестира. Инвеститорот има капитално вложување кај претпријатието во кое се инвестира и може да има маѓукомпаниски долг со него.

**Портфолио-инвеститор** е резидент кој учествува со помалку од 10% во капиталот на претпријатието во кое се инвестира. Портфолио-инвеститорот може да биде дел од синџирот на поврзаност или да е надвор од него. Инвеститорот има капитално вложување кај претпријатието во кое се инвестира и може да има меѓукомпаниски долг со него.

**Индиректен инвеститор** е резидент кој нема капитално вложување, но има индиректна поврзаност со претпријатието во кое се инвестира. Притоа, индиректната поврзаност произлегува од учеството на индиректниот инвеститор во капиталот на други нерезиденти во синџирот на поврзаност, а се утврдува согласно со методот на мултиплицирано учество.

Инвеститорот нема капитално вложување кај претпријтието во кое се инвестира, но може да има меѓукомпаниски долг со него.

Методот на мултиплицирано учество е метод за пресметување на индиректната поврзаност на инвеститорот со претпријатието во кое се инвестира. Индиректната поврзаност се утврдува преку т.н. индиректно учество од 10% или над 10%. Пресметувањето на процентот на индиректно учество се врши врз основа на множење на процентите на учество на сите инвеститори нагоре, во синџирот на поврзаност.

**Матичен инвеститор** е инвеститор кој се наоѓа на врвот на синџирот на поврзаност, Матичниот инвеститор може да се јави во својство на директен инвеститор или индиректен инвеститор. Директниот инвеститор истовремено е и матичен инвеститор само кога се наоѓа на врвот на синџирот на поврзаност и е единствен инвеститор. Во сите други случаи, матичниот инвеститор се јавува во својство на индиректен инвеститор за кој се известува само доколку има меѓукомпаниски долг со него.

**Инвеститор со хоризонтална** поврзаност во синџирот (ИХП) е резидент кој што заедно со претпријатието во кое се инвестира - нерезидент имаат заеднички матичен инвеститор.

ИХП може (но не мора) да има капитално вложување по мало од 10% кај претпријатието во кое се инвестира и/или има меѓукомпаниски долг со него.

**Повратно вложување** претставува капитално вложување на претпријатието во кое се инвестира во капиталот на директниот инвеститор под 10%.

**НАПОМЕНА: Во случај кога претпријатието во кое се инвестира има учество во капиталот од 10% или над 10% кај директниот инвеститор, тогаш се работи за директно вложување од странство, а не за повратно вложување (се известува на Образец “ВС 22”).**

**Претпријатие со посебна намена (ППН)** е претпријатие во кое се инвестира – нерезидент (правно лице) коешто е дел од организациската структура на мултинационални компании и што се формира со намена да служи како спроводник на финансиски средства, притоа најчесто нема развиена економска дејност, вработени, не продава стоки и услуги на пазарот и слично, туку се занимава исклучиво со финансиско посредување.

### *3.1. Годишен извештај за вложувања во странство (Образец ”ВС 11”)*

#### *3.1.1. Начин на известување*

Согласно точка 3 од Упатството, инвеститорот, треба да ја извести НБРМ за состојбата и промените на капиталот и меѓукомпанискиот долг со претпријатија во кои се инвестира, со доставување Годишен извештај за вложувањата во странство **(Образец “ВС 11”).**

Инвеститорот може да даде писмено овластување на друго правно лице, да известува во негово име за вложувањата од нерезиденти.

Известувачот доставува посебен **(Образец “ВС11”),** за вложување kај секој нерезидент – претпријатие, во кое се инвестира, поединечно.

**НАПОМЕНА: Рокот на доставување на (Образецот “ВС11”), е 15 Март во тековната година, со податоци за претходната година.**

Доколку податоците за вредноста на капиталот на инвеститорот **(II.А ред 1)** или капиталот на претпријатието во кое се инвестира (**III.А ред 1**) не се еднакви со оние од извештајот за претходната година (на пр. заради дополнително утврдените грешки при известувањето или ревизија на одредени ставки), известувачот мора повторно да изработи извештај за претходната година.

Во зависност од видот на поврзаноста со инвеститорот, претпријатието во кое се инвестира, **инвеститорот известува на следниов начин:**

- **доколку е директен инвеститор** - задолжително се пополнува делот I и делот II.А, II.Б, II.В, и II.Г, додека пополнувањето на делот III не е задолжително, туку е условено од постоењето на повратно вложување;
- **доколку е портфолио-инвеститор** - задолжително се пополнува делот I и делот II.А, II.Б и II.В;
- **за портфолио - инвеститор** кој е дел од синџирот на вертикална поврзаност **(под 10% учество)** - задолжително се пополнува делот I и делот II.А, II.Б, II.В и II.Г;
- **доколку е индиректен инвеститор** - задолжително се пополнува делот I и делот II.Г;

- **доколку е инвеститор** - со хоризонтална поврзаност во синџирот - задолжително се пополнува делот I и делот II.Г, додека пополнувањето на делот II.А, II.Б, II.В не е задолжително, освен доколку постои учество на инвеститорот во капиталот на прêтпријатието во кое се инвестира **помало од 10%.**

**НАПОМЕНА: Образецот “ВС11”, во еден примерок, се доставува до Народната банка. Народната банка со известувачите може да договори и друг начин на доставување на обрасците.**

На барање на Народната банка, известувачот е должен да ја докаже точноста на податоците со приложување на годишната сметка **(Извештај за Билансот на состојба и Билансот на успех )** или друг документ.

Образецот се потврдува со потпис на резидентниот инвести-тор, како и на овластениот известувач (доколку е овластено друго правно лице), со што се гарантира и за точноста на податоците доставени до Народната банка.

### *4. ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И НА МЕЃУКОМПАНИСКИОТ ДОЛГ НА КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИТЕ СУБЈЕКТИ ВРЗ ОСНОВА НА ВЛОЖУВАЊА ОД СТРАНСТВО (ОБРАЗЕЦ ”ВС 22”) и (ОБРАЗЕЦ ”КВС 22”)*

Согласно Упатство за начинот на известување за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпани-скиот долг на капитално поврзаните субјекти, врз основа на вложувања од странство (“Службен весник на РМ” 108/2014, 200/16 и 185/17), се пропишуваат начинот на известување за состојбата и промените на капиталот и меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања од странство, формата и содржината на **Годишниот извештај** за

вложувања од странство и **Кварталниот извештај** за вложувања од странство, рокот на доставување на овие обрасци и начинот на нивното пополнување.

### *4.1. Годишен извештај за вложувања од странство – (Образец “ВС 22”)*

#### *4.1.1. Начин на известување*

Согласно точка 3 од Упатството, претпријатието во кое се инвестира треба да ја извести НБРМ за состојбата и промените на капиталот и меѓукомпанискиот долг од инвеститорите, со доставување ***Годишен извештај за вложувања од странство. (Образец “ВС 22”).***

Претпријатието во кое се инвестира може да даде писмено овластување на друго правно лице, да известува во негово име за вложувањата од нерезиденти.

Известувачот доставува посебен **(Образец “ВС 22”),** за вложување од секој нерезидент - инвеститор, поединечно.

Доколку инвеститорите се физички лица од иста држава и доколку нивното заедничко учество **е под 10%,** известувачот ги прикажува податоците за сите физички лица на еден образец.

**Рокот на доставувње на (Образецот “ВС 22”) е 15 март во тековната година, со податоци за претходната извештајна година.**

Доколку податоците за вредноста на капиталот на инвеститорот **(II.А ред 1)** или капиталот на претпријатието во кое се инвестира **(III.А ред 1)** не се еднакви со оние од извештајот за претходната година (на пр. заради дополнително утврдените грешки при известувањето или ревизија на одредени ставки), известувачот мора повторно да изработи извештај за претходната година.

Во зависност од видот на поврзаноста со инвеститорот, претпријатието во кое се инвестира известува на следниов начин:

- **за директен инвеститор**-задолжително се пополнува делот I и делот II.А, II.Б, II.В и II.Г, додека пополнувањето на делот III не е задолжително, туку е условено од постоењето на повратно вложување;
- **за портфолио инвеститор**-задолжително се пополнува делот I и делот II.А, II.Б и II.В;
- **за портфолио инвеститор-** кој е дел од синџирот на вертикална поврзаност **(под 10% учество)**-задолжително се пополнува делот I и делот II.А, II.Б, II.В и II.Г;
- **за индиректен инвеститор**-задолжително се пополнува делот I и делот II.Г;
- **за инвеститор**-со хоризонтална поврзаност во синџирот, задолжително се пополнува делот I и делот II.Г, додека пополнувањето на делот II.А, II.Б, II.В не е задолжително, освен доколку постои учество на инвеститорот во капиталот од **под 10%;**

***НАПОМЕНА: Образецот “ВС 22”, во еден примерок, се доставува до НБРМ, која со известувачите може да договори и друг начин на доставување на обрасците.***

На барање на Народната банка, известувачот е должен да ја докаже точноста на податоците со приложување на годишната сметка (Извештај за Биланс на состојба и Биланс на успех ) или друг документ.

Образецот се потврдува со потпис на резидентното претпријатие во кое се инвестира, како и на овластениот известувач (доколку е овластено друго правно лице), со што се гарантира и за точноста на податоците доставени до Народната банка.

### *4.2. Квартален извештај за вложувањата од странство (Образец "КВС 22")*

#### *4.2.1. Начин на известување*

Согласно точка 8 од Упатството, претпријатието во кое се инвестира со доставување на **Кварталниот извештај за вложувањата од странство, (Образец КВС 22)**, треба да ја извести Народната банка за:

- ***Промената на процентуалното учество на директните инвеститори во капиталот на претпријатието во кое se инвестира;***
- ***Остварениот / планираниот финансиски резултат; и***
- ***Исплатената добивка кон инвеститорите – нерезиденти.***

Обврзници за известување/известувачи на КВС 22 се резидентите претпријатија во кои се инвестира, кои што врз основа на постапка на **избор на примерок** се определени од страна на Народната банка.

Народната банка, еднаш годишно, врши избор на примерок на известувачи кои што стануваат обврзници за известување, по што писмено ги известува резидентите што се избрани за обврзници за известување.

Писменото известување ги обврзува известувачите да доставуваат извештаи се до нивното отповикување по пат на писмено известување од страна на Народната банка.

Доколку во текот на годината се јави потреба за промена на примерокот, Народната банка може да ја повтори постапката за избор на примерок на известувачи.

Претпријатието во кое се инвестира може да даде писмено овластување на друго правно лице да известува во негово име.

**Известувачот доставува еден образец КВС 22 за сите инвеститори-нерезиденти**.

**Рокот на доставување на (Образецот "КВС 22"), е 20 дена по завршувањето на извештајниот квартал** и тоа:

| | |
|---|---|
| **I квартал (за месец I-II-III)** | **20 АПРИЛ;** |
| **II квартал (за месец IV-V-VI)** | **20 ЈУЛИ;** |
| **III квартал (за месец VII-VIII-IX)** | **20 ОКТОМВРИ;** |
| **IV квартал (за месец X-XI-XII)** | **20 ЈАНУАРИ.** |

Еден примерок од **Образецот "КВС 22"** се доставува до НБРМ, која може да договори и друг начин на доставување на обрасците со известувачите.

Образецот се потврдува со потпис na резидентното претпријатие во кое се инвестира, како и на овластениот известувач (доколку е овластено друго правно лице), со што се гарантира и за точноста на податоците доставени до Народната банка.

### *5. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОМЕНИТЕ НА ВЛОЖУВАЊАТА НА РЕЗИДЕНТИТЕ ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА СТРАНСКИТЕ ФИНАСИСКИ ПАЗАРИ (Образец "ВХВ1" и "ВХВ2")*

Согласно Упатството за начинот и постапката на известување за состојбата и промените на вложувањата на резидентите во хартии од вредност на странските финасиски пазари ("Службен весник на РМ" 108/14 и 200/16) НБРМ, ги пропишува начинот, постапката и роковите за известување, формата и содржината на обрасците за известување, за состојбата и промените на вложувањата на резидентите во хартии од вредност тргувани на странските финансиски пазари.

Резидентите кои согласно со закон можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари, ја известуваат Народната банка за состојбата и промените на вложувањата во сите хартии од вредност, тргувани на странските финансиски пазари, кои што ги имаат во своето портфолио.

**Одделните изрази употребени во ова упатство го имаат следново значење:**

- **Состојбата на вложувањата во хартиите од вредност** - го претставува бројот на хартиите од вредност, коишто инвеститорот ги има во своето портфолио и вредноста на вложувањата на почетокот и на крајот на извештајниот период.
- **Промените на вложувањата** - ги вклучуваат сите трансакции со хартиите од вредност настанати во извештајниот период, како и останатите движења, односно ценовните промени и останатите промени на вложувањата (како резултат на рекласификација, отпис и друго).
- **Акции и други сопственички хартии од вредност** - се хартиите од вредност со кои што инвеститорот се стекнува со право на сопственост на дел од претпријатието издавач на хартиите од вредност, пропорционално на бројот на хартиите од вредност што ги поседува во вкупниот капитал и коишто можат да му дадат право на глас, право на дивиденда и право на дел од остатокот од вредноста на претпријатието.
- **Потврди за поседување хартии од вредност (ГДР)** - претставуваат доказ за сопственост на хартии од вредност издадени од странски издавачи, кои што го олеснуваат тргувањето со хартиите од вредност издадени на странските пазари (надвор од државата на издавачот).
- **Удели и акции во инвестициски фонд** - се уделите, односно акциите издадени од инвестициските фондови.
- **Должнички хартии од вредност** - се хартиите од вредност коишто на инвеститорот му даваат право на главница и/или камата во некој иден период.
- **Кодот ИСИН** - претставува меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност.

### *5.1. Начин на известување*

Согласно точка 3 од Упатството, инвеститорите ги доставуваат до Народната банка следниве извештаи:

**Образец ВХВ - 1** Извештај за состојбата и промените на вложувањата во сопственички хартии од вредност и удели во инвестициски фондови и

**Образец ВХВ - 2** Извештај за состојбата и промените на вложувањата во должнички хартии од вредност.

**Инвеститорите ја известуваат Народната банка непосредно или посредно.**

**Посредното известување,** за инвеститорите: друштва за осигурување, инвестициски фондови и пензиски фондови, во нивно име, го врши соодветниот регулатор. Точноста на доставените податоци и навременото известување, претставува одговорност на инвеститорите.

Инвеститорите коишто известуваат **непосредно и** регулаторите, известуваат на месечна основа, најдоцна во **рок од 20 (дваесет) дена по истекот на месецот,** за кој што се известува. Известувањето се врши во електронска форма.

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

## *СТЕЧАЈ И ВИДОВИ СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СТЕЧАЈ*

***Надминување на состојбата на задолженост неможност за сервисирање на обврските и справување со доверителите по пат на реорганизација и стечај нуди регултивата за стечај.***

### *ВОВЕД*

Со Законот за стечај (“Службен весник на РМ” 34/06….192/15) се уредени целите и условите за отворање на стечајната постапка, органите на стечајната постапка, управувањето и располагањето со имотот што влегува во стечајната маса, намирувањето на побарувањата на доверителите во стечајната постапка, правните последици од отворањето на стечајната постапка, планот на реорганизација, личното управување, ослободувањето од другите обврски, посебните видови стечајни постапки за поединци со статус на трговец, стечајни постапки со странски елемент и други прашања во врска со стечајот.

Стечајната постапка има за цел колективно намирување на доверителите на стечајниот должник, со впаричување на должниковиот имот и распределба на остварените средства на доверителите или со склучување на посебен договор за порамнување на побарувањата, утврдени со планот за реорганизација, што е насочен кон натамошно одржување на должниковиот деловен потфат.

## *1. УСЛОВИ ЗА ОТВАРАЊЕ СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА*

Согласно член 5 од законот, стечај или реорганизација над стечајниот должник, се спроведува кога ***стечајниот должник е неспособен за плаќање***. Се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен, врз основа на важечките основи за плаќање.

Овие одредби нема да се применуваат, ако должникот во текот на претходната постапка ги исплатил сите побарувања кои требало врз основа на важечки основи за наплата да ги исплати од сите негови сметки, или ако дојде до преземање на долг. Намирената обврска должникот може да ја докаже само со јавна исправа или со потврда издадена од Централниот регистар на Република Македонија.

Постоењето на околностите, за тоа дека должникот е неспособен за плаќање, исто така се докажува со потврда издадена од Централниот регистар. Централниот регистар е должен без одлагање на предлагачот, на негово барање, да му издаде таква потврда, во спротивно одговара за штета, што доверителот поради тоа би можел да ја претрпи.

## *2. СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА*

На стечајната постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, доколку со Законот за стечај, поинаку не е кажано.

### *2.1. Начела на постапката*

Стечајната постапка се поведува по предлог и е итна.

Судот може да ги донесува одлуките и без усна расправа. Исто така, судот може да се откаже од сослушување на должникот кога тоа е пропишано со законот, или ако лицата овластени за застапување на должникот врз основа на закон или лицата кои имаат удел или акции кај должникот, односно самиот должник - поединец, се со непознато престојувалиште или се наоѓаат во странство, па нивното сослушување би довело до прекумерно одолжување на постапката.

Предлози, изјави и приговори не можат да се даваат, односно да се поднесуваат, ако се пропушти рокот или рочиштето, односно собранието на кое требало да се дадат или поднесат, освен ако со законот поинаку не е определено. Во стечајната постапка не може да се бара враќање во поранешната состојба, освен ако со Законот за стечај поинаку не е определено. Табелите и извештаите можат да се изработуваат и обработуваат во електронска форма.

### *2.2. Стечаен судија*

Стечајниот судија:

- одлучува за поведување на претходна постапка заради утврдување на постоење услови за отворање на стечајна постапка и ја спроведува таа постапка;
- одлучува за отворање на стечајната постапка;
- го именува и разрешува привремениот стечаен управник и стечајниот управник;
- одлучува за приговорите на стечајниот управник против донесените заклучоци;
- одлучува за приговорите на доверителот, одборот на доверители и собранието на доверители;
- на предлог на одборот на доверители, а ако тој не е основан, на предлог на стечајниот управник, ги одобрува започнатите работи што треба да се завршат во текот на стечајната постапка;
- врши контрола над законитоста на работата на стечајниот управник;
- одобрува пресметка на трошоците на стечајната постапка пред нивната исплата;
- определува награда и надоместок на трошоци на стечајниот управник и на членовите на одборот на доверители;
- го определува износот на авансот за покривање на трошоците во претходна постапка;
- одобрува исплата на доверителите;
- донесува решение за заклучување на стечајната постапка и
- врши други работи определени со закон.

Стечајниот судија може по службена должност, по приговор или по предлог на другите органи на стечајната постапка, а по прибавено мислење на одборот на доверители, да ги менува одлуките на стечајниот управник, ако утврди дека се спротивни на закон.

Во рамките на своите овластувања определени со законот, стечајниот судија на стечајниот управник му дава писмени упатства за извршување на неговите обврски определени со законот, кои се задолжителни за стечајниот управник. Стечајниот судија ја следи работата на одборот на доверителите и на собранието на доверителите.

### *2.3. Стечаен управник*

Согласно член 20 од Законот за стачај, работите на стечаен управник може да ги врши физичко лице кое има лиценца за вршење на работите на стечаен управник, како и јавно трговско друштво или друштво со ограничена одговорност, основано само за вршење на работи на стечаен управник и има лиценца за вршење на работите на стечаен управник и се зачленети во Комората на стечајни управници.

Кога стечаен судија за стечаен управник именува друштво, тогаш се назначува едно од вработените лица во друштвото кое има уверение за овластен стечаен управник, да ги врши работите на стечаен управник. Друштвата можат да вршат дејности, поврзани со стечајната постапка и со планот за реорганизација.

Лиценца за вршење работа на стечаен управник, може да добие физичко лице - трговец поединец, ако ги исполнува следниве услови:

- да располага со потребна стручност и деловно искуство;
- да има висока стручна подготовка и најмалку пет години работно искуство од областа на трговската дејност;
- да положил испит за овластен стечаен управник со кој стекнува уверение за овластен стечаен управник;
- да не е осудуван за кривични дела што го прават неподобен за стечаен управник. Доколку физичкото лице – трговец поединец е осудено за кривично дело

што го прави неподобно за стечаен управник, лиценца за вршење на стечаен управник може да добие по престанувањето на правните последици од осудата и
- да даде изјава дека во работењето ќе ги применува правилата во согласност со кодексот за етиката на стечајните управници и професионалните стандарди.

Лиценца за вршење работи на стечаен управник може да добие друштвото, ако ги исполни следниве услови:

- да има вработено најмалку еден овластен стечаен управник и да има вработено најмалку еден дипломиран правник и еден дипломиран економист,

- управителот да даде изјава дека овластените стечајни управници и другите вработени лица во работењето ќе ги применуваат правилата содржани во Кодексот за етиката на стечајните управници и професионалните стандарди и

- друштвото да не е осудувано за кривични дела што го прават неподобно за стечаен управник. Доколку друштвото е осудено за кривично дело што го прави неподобно за стечаен управник, лиценца за вршење на стечаен управник може да добие по престанувањето на правните последици од осудата.

### *2.3.1. Именување на стечаен управник*

Стечајниот судија, на предлог за поведување стечајна постапка поднесен од доверителот, именува стечаен управник.

Кога должникот поднесува предлог за поведување стечајна постапка стечајниот судија именува стечаен управник со мандат до одржувањето на првото собрание на доверителите. Ако предлагачот на барањето за поведување стечајна постапка не поднесе предлог за именување на стечаен управник, стечајниот судија со решение ќе именува стечаен управник со мандат до одржувањето на првото собрание на доверителите.

Предложениот стечаен управник дава писмена изјава заверена кај нотар дека нема ограничување определено со овој закон и во Кодексот за етиката на стечајните управници и доставува преглед на стечајните постапки, во кои е именуван за стечаен управник.

Стечајниот судија при именувањето на стечаен управник на нов предмет ќе го има предвид бројот на стечајните постапки за кои е именуван и обемот на работите во постапки. Притоа стечајниот судија ќе го именува стечајниот управник на нов предмет ако стечајниот управник постапувал во вршењето на својата работа на стечајните предмети за кои бил именуван за стечаен управник во роковите определени со законот и задолженијата кои му ги определил стечајниот судија, одборот на доверители или собранието на доверители. Ако стечајниот судија не го прифати предложениот стечаен управник поради ограничувањата определени во законот, предлагачот веднаш ќе предложи именување на друг стечаен управник.

На првото собрание на доверители, по именувањето на стечајниот управник, доверителите можат, наместо стечајниот управник кој е именуван од страна на стечајниот судија, да именуваат друг стечаен управник. Стечајниот судија донесува решение со кое го потврдува именувањето на стечајниот управник, освен ако постојат ограничувања определени со законот. Ако стечајниот судија не донесе решение во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието на доверителите, ќе се смета дека го потврдил именувањето на стечајниот управник.

Со именувањето на стечајниот управник од страна на собранието на стечајните доверители, престанува да важи решението на стечајниот управник именуван од страна на стечајниот судија. Поранешниот стечаен управник е должен да ја предаде својата должност на новиот стечаен управник во рок од три дена од донесувањето на решението за именување на новиот стечаен управник. Примопредавањето се врши со записник во писмена форма кој го потпишува поранешниот и новоименуваниот стечаен управник. Ако стечајниот управник во овој рок не ја предаде должноста прави тешка повреда која е основа за одземање на лиценцата за овластен стечаен управник на начин и постапка утврдени со законот.

Стечајниот судија определува посебни мерки за примопредавање на должностите меѓу стечајните управници.

### *2.4. Одбор на доверители*

На првото собрание на доверители, согласно член 39 од законот, се одлучува дали одборот на доверители назначен од стечајниот судија останува во истиот состав и дали ќе го промени

бројот. Бројот на одборот на доверители не може да биде поголем од 11 члена.

Одборот на доверители е должен да ги врши работите за кои е овластен со законот, а особено да го следи текот на работењето и да го контролира износот на готовината. За вршењето на одделни работи од својот делокруг, одборот на доверители може да овласти одделни свои членови.

Во рамките на својот делокруг, одборот на доверители особено:

- ги разгледува извештаите на стечајниот управник за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса;
- ги прегледува трговските книги и целокупната документација што ја презел стечајниот управник;
- може да поднесе приговор до стечајниот судија за работата на стечајниот управник;
- му предлага на стечајниот судија начин на впаричување на имотот на должникот;
- му предлага на стечајниот судија дали треба да продолжат започнатите работи, односно работа-та на стечајниот должник и
- дава мислење на стечајниот судија за признава-ње на оправданите кусоци во инвентарот.

Одборот на доверители е должен, на барање на собра-нието на доверители, да ги известува доверителите за текот на стечајната постапка и за состојбата на стечајната маса.

### *2.5. Собрание на доверители*

Првото собрание на доверители и последното завршно собрание ги свикува стечајниот судија. Право на учество имаат сите стечајни доверители, доверители со право на одвоено намирување, стечајниот управник и должникот. Времето и местото на одржувањето, како и дневниот ред, јавно се соопш-туваат. Јавното соопштување може да изостане, ако распра-вата на собранието на доверителите се одложи.

Кога собранието го свикува одборот на доверители, времето и местото на одржувањето, како и дневниот ред, јавно се соопштуваат. Јавното соопштување може да изостане, ако расправата на собранието на доверителите се одложи.

Другите собранија на доверители ги свикува стечајниот судија на предлог на:

- стечајниот управник;
- одборот на доверители и
- еден или повеќе стечајни доверители под услов збирот на нивните побарувања да надминува една петтина од износот на побарувањата на сите стечајни доверители.

Ако е поднесен предлог, собранието се свикува во рок од 30 дена од поднесувањето на предлогот. Ако стечајниот судија не го свика собранието согласно законски предвидениот рок, собранието според одлука на одборот на доверители го свикува претседателот на одборот на доверители во рок од осум дена. За свиканото собрание се известува стечајниот судија.

### *2.5.1. Рангирање на стечајните доверители*

Побарувањата на стечајните доверители се категоризираат во повисоки и пониски исплатни редови. Побарувањата на стечајните доверители од понизок исплатен ред можат да се намират дури откако во целост ќе бидат намирени побарувањата на доверителите од претходниот (повисок) исплатен ред. Побарувањата на стечајните доверители од ист исплатен ред, се намируваат сразмерно на големината на побарувањата.

### *2.6. Предлог за отворање на стечајна постапка*

Стечајната постапка се поведува на предлог на доверителот, должникот или друго лице овластено со закон кога се исполнети условите определени со законот. Доверителот е овластен да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка ако на судот му поднесе докази дека се исполнети условите утврдени со законот за отворање на стечајна.

Предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот - правно лице, во име на должникот, може да поднесе секое лице овластено за застапување на правното лице по закон, како и секој ликвидатор. Ако предлогот за отворање на стечајна постапка не е поднесен од страна на сите лица овластени за застапување на правното лице, според законот или ликвидатори, предлогот ќе биде дозволен само ако подносителот на предлогот го направи веројатно постоењето на

некоја од причините за стечај. Стечајниот судија, во тој случај, може да ги сослуша другите лица овластени за застапување на правното лице или ликвидатори.

Ако предлогот за отворање на стечајна постапка се однесува на јавно трговско друштво, командитно друштво или на командитно друштво со акции, во кои ниту еден неограничено одговорен содружник не е физичко лице, соодветно се применува на одборот на директори, управниот одбор или надзорниот одбор, на управителите, неограничено одговорните содружници или ликвидатори, на оние неограничено одговорни содружници што се овластени за застапување на должникот.

Должникот - поединец лично поднесува предлог за отворање на стечајна постапка над својот имот. Лицата и органите овластени за управување, застапување и надзор на трговските друштва и други правни лица ќе бидат лично, солидарно и неограничено одговорни за штетите што ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или друго правно лице - должник, ако не поднеле предлог за отворање на стечајна постапка, иако знаеле или морале да знаат за презадолженоста на трговското друштво или друго правно лице.

Имотната одговорност за штети на лицата и органите не ја исклучува и не влијае врз можната кривична одговорност на тие лица. Органите на должникот овластени за неговото застапување според закон, се должни да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од 21 ден од денот на настапувањето на причините за отворање на стечајна постапка. Заедно со предлогот за отворање на стечајна постапка должникот ќе приложи:

- потврда од банката која го извршува платниот промет за должникот за состојба на средствата на сметката и за ненамирените побарувања кои треба да бидат исплатени од сметката;
- извештај за имотот со доказ за сопственост и
- потврда од надлежните органи за состојбата во однос на платените даноци и придонеси.

### *2.6.1. Претходна постапка*

Врз основа на предлогот за отворање на стечајна постапка, стечајниот судија прво испитува дали истиот е уреден и дали предлагачот ги доставил сите потребни докази за да може да се постапува по него. Ако утврди дека предлогот е нецелосен или не се поднесени сите потребни докази, согласно со законот, ќе го врати на предлагачот истиот да го уреди во рок од осум дена. Ако предлагачот во тој рок не го уреди предлогот, стечајниот судија ќе донесе решение со кое ќе го отфрли. Против ова решение не е дозволена жалба.

Стечајниот судија ќе донесе решение за поведување на претходна постапка, ако предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден. Со решението за поведување на претходна постапка стечајниот судија ќе го определи и датумот за одржување на рочиштето за испитување на условите за отворање на стечајна постапка. Доколку предлогот за отворање на стечајна постапка е поднесен од доверителот, заедно со решението за поведување на претходна постапка, на должникот ќе му биде доставен и предлогот.

Стечајниот судија е должен да постапи по предлогот за отворање на стечајна постапка во рок од осум дена по неговото поднесување во судот. Против решението за поведување на претходна постапка не е дозволена жалба. Примерок од решението се доставува до Централниот регистар.

### *2.7. Отварање на стечајната постапка*

Откако ќе донесе решение за поведување претходна постапка стечајниот судија, најдоцна во рок од 30 дена, ги повикува предлагачот, застапниците на должникот – правно лице, односно должникот – поединец и привремениот стечаен управник. На рочиштето, повиканите лица ќе се изјаснат по предлогот за отворање на стечајна постапка.

Стечајниот судија може да определи вешто лице кое во рок од најмногу 15 дена, заедно со привремениот стечаен управник, ќе испитаат дали должникот е неспособен за плаќање. По приемот на наодот и мислењето на вештото лице за неспособноста за плаќање на должникот и извештајот од привремениот стечаен управник, стечајниот судија ќе донесе решение по предлогот за отворање на стечајна постапка.

Стечајниот судија нема да одреди вешти лица ако утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка без претходно испитување на способноста на должникот за плаќање.

Стечајниот судија донесува решение за отворање на стечајна постапка или за одбивање на предлогот за отворање на таа постапка во рок не подолг од три дена по заклучување на рочиштето. Во решението за одбивањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, стечајниот судија ќе одреди кој е должен да ги поднесе трошоците на постапката.

### *2.8. Оглас за отворање на стечајна постапка*

За отворањето на стечајната постапка доверителите се известуваат со оглас. Огласот се објавува на огласна табла, во "Службен весник на Република Македонија", како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на Република Македонија. Огласот мора да биде истакнат на огласната табла, истиот ден, кога е донесено решението за отворање на стечајната постапка.

Стечајниот управник е должен огласот, кој се објавува во два дневни весника во Република Македонија, да го објави во рок од три дена од приемот на решението со кое е именуван. Огласот за отворање на стечајната постапка содржи:

- назив на судот што го донел решението за отворање на стечајната постапка;
- име на стечајниот судија;
- денот на истакнувањето на огласот на огласната табла на судот;
- име и адреса на стечајниот управник;
- фирма, седиште, единствениот матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) и даночниот број и бројот на сметката на должникот;
- известување за доверителите да ги пријават своите побарувања во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот;
- место, ден и час на испитното рочиште и извештајното собрание, ако се спојат и
- повик на должниковите должници да ги намират своите долгови без одлагање.

### *2.9. Стечајна маса*

Согласно член 74 од законот, стечајната маса го опфаќа целокупниот имот на должникот на денот на отворањето на стечајната постапка, како и имотот што тој ќе го стекне во текот на стечајната постапка. Стечајната маса служи за намирување на трошоците на стечајната постапка, како и за намирување на доверителите на стечајниот должник, односно на побарувањата чие намирување е обезбедено со одредени права врз имотот на должникот.

Во стечајната маса не влегуваат предметите и правата на должникот - поединец, над кои не би можело да се спроведе извршување, ако должникот не бил трговец или занаетчија.

Кога брачните другари писмено се договориле управувањето и располагањето со заедничкиот имот или со некој негов дел да го врши едниот од нив и кога стечајната постапка се отвора врз имотот на тој брачен другар, заедничкиот имот на брачните другари или делот на кој се однесува договорот влегува во стечајната маса. Кога брачните другари заеднички и спогодбено управувале и располагале со заедничкиот имот и кога стечајната постапка е отворена врз имотот на кој било брачен другар, заедничкиот имот на брачните другари нема да влезе во стечајната маса.

Во стечајната постапка нема да се врши поделба на заедничкиот имот на брачните другари. Ова правило соодветно ќе се применува и на трајната животна заедница.

### *2.10. Пријавување на побарувањата*

Сите доверители во стечајната постапка писмено ги пријавуваат своите побарувања до стечајниот управник. Кон пријавата се доставуваат доказ за побарувањето и доказ за обезбедено побарување.

Во пријавата се назначува правната основа, износот на побарувањето, фирмата, односно името на доверителот, седиштето, единствениот матичниот број на субјектот на уписот (ЕМБС), даночниот број и бројот на сметката. Доколку доверителот е физичко лице, во пријавата се назначува адресата и неговиот ЕМБГ. Ако се пријавуваат побарувања за кои се води парница или друга постапка, во пријавата треба да се наведе судот или другиот орган, пред кој се води парницата со означување на бројот на списот.

Доверителите кои имаат право на одвоено намирување, во пријавата го означуваат делот на имотот на должникот на кој нивното право се однесува и висината на побарувањето.

По пријавувањето на своите побарувања на пониско рангираните доверители, ќе им се укаже на нивното пониско рангирање. Доверителите се должни да го пријават своето побарување во рокот утврден со огласот за отворање на стечајната постапка. Ако доверителот го пропушти овој рок, стечајниот управник ќе побара стечајниот судија со решение да ја отфрли пријавата како ненавремена. Против ова решение е дозволено право на жалба до стечајниот совет. Стечајниот совет е должен да одлучи во рок од осум дена од приемот на жалбата и предметот на кој се однесува жалбата.

### *2.11. Заклучување на стечајната постапка*

Веднаш по извршувањето на конечната распределба на средствата, односно и на другиот имот на должникот, стечајниот судија ќе донесе решение за заклучување на стечајната постапка. Решението се доставува до Централниот регистар кој што го објавува преку интернет на својата веб страница, а се објавува и во "Службен весник на Република Македонија", како и на огласната табла во судот, во целост или во дел што го определува судот.

Во решението за заклучување на стечајната постапка, стечајниот судија определува заклучувањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишуваат правата врз недвижностите и во други соодветни регистри. Примерок од решението им се доставува на органите кои ги водат регистрите, односно јавните книги.

Со заклучувањето на стечајната постапка и бришењето од трговскиот, односно од друг регистар, во кој е запишан должникот, правното лице - должник престанува да постои. Ако стечајната постапка завршила со усвојување план за реорганизација на должникот, се врши соодветен упис во трговскиот, односно во друг регистар во кој е запишан должникот заради спроведување на одобрениот план за реорганизација. Должникот трговец – поединец со заклучувањето на стечајната постапка го губи својството трговец - поединец. Совесниот должник - поединец со заклучувањето на стечајната постапка може да

побара ослободување од преостанатите обврски, под условите предвидени со законот.

Стечајниот управник по целосната распределба е должен:

- да ја извести банката и да побара бришење на сметката, а ако има остаток на средства кои сеуште не биле распределени по кој било основ на законот, да ги депонира како судски депозит и
- да ја среди архивската граѓа согласно со Законот за архивската граѓа и архивската граѓа во изворна, комплетна и средена состојба со попис и опис, како и документарниот материјал со подолги рокови на чување, платни списоци, ЕВТ-2 картони, обрасци М-4 и пријави и одјави на вработените да ги предаде во Државниот архив на Република Македонија.

Стечајниот судија нема да ја одобри наградата на стечајниот управник, ако не ги исполни обврските предвидени со законот за стечај.

## *3. ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА*

### *3.1. Стечајна постапка врз имот на умрено лице – трговец*

Неликвидноста на оставината ќе претставува причина за отворање на стечајна постапка врз имотот на умреното лице кое имало статус на трговец. Непосредно претстојната неликвидност, исто така, ќе претставува причина за отворање на стечајна постапка врз оставината на умрено лице ако предлогот бил поднесен од страна на наследник, од лице кое управува со оставината, повереник или од извршител на тестамент.

Фактот што наследниците се уште не го прифатиле наследството или што тие се лично неограничено одговорни за обврските на оставината, не влијае врз отворањето на стечајната постапка врз имотот на оставителот. Ако постојат повеќе наследници, стечајната постапка може да биде отворена и по извршената поделба на оставината. Нема да се водат посебни стечајни постапки за различните делови на оставината.

Ако оставината претставува дел од заеднички брачен имот, предлогот за отворање на стечајна постапка може да биде поднесен од брачниот другар кој е наследник, но и од брачниот

другар кој не е наследник, но кој самиот или заедно со другиот брачен другар управувал и располагал со заедничкиот имот на брачните другари. За поднесувањето предлог за отворање на стечајната постапка нема да се бара претходно одобрение на другиот брачен другар. Брачните другари ќе го задржат правото да поднесат ваков предлог дури и ако бракот е разведен.

Ако предлогот за отворање на стечајната постапка не бил поднесен од страна на обата брачни другари, стечајниот судија ќе го прифати тој предлог, ако биде уверен дека постојат некои основани причини за отворање на таа постапка. Пред да донесе решение, стечајниот судија ќе го сослуша брачниот другар, кој не се согласува со поднесениот предлог.

Доверителот на оставината може да поднесе предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од две години по прифаќањето на наследството од страна на наследникот.

### *3.2. Стечајна постапка врз заедничкиот имот на брачните другари*

Согласно член 316 од Законот за стечај, на стечајната постапка отворена врз заедничката сопственост на брачните другари соодветно се применуваат одредбите од стечајната постапка врз имот на умрено лице.

Како доверители во стечајната постапка отворена врз заедничкиот брачен имот можат да се појават само оние доверители, чии побарувања постоеле, како побарувања од заедничкиот имот на брачните другари.

### *3.3. Стечајна постапка врз заедничкиот брачен имот со кој заеднички и спогодбено управувале и располагале обата брачни другари*

Отворањето на стечајната постапка врз заедничкиот имот на брачните другари, што бил управуван спогодбено и заеднички од страна на обата брачни другари, може да го побара секој доверител кој има право да побара исполнување на облигација од заедничкиот имот на брачните другари. Брачниот другар, исто така, има право да поднесе барање за отворање на стечајна постапка врз заедничкиот имот. Ако барањето не било поднесено од страна на обата брачни другари, стечајниот судија

ќе го прифати поднесеното барање, само ако се увери во неликвидноста на заедничкиот имот. Пред да го донесе своето решение, стечајниот судија ќе го сослуша и другиот брачен другар.

Ако барањето било поднесено од страна на обата брачни другари, непосредно претстојната неликвидност, исто така, ќе претставува основа за отворање на стечајна постапка.

За време на стечајната постапка, личната одговорност на брачните другари за обврските на заедничкиот брачен имот, може да биде побарана само од страна на стечајниот управник или од страна на назначениот повереник.

### *3.4. Меѓународен стечај*

Меѓународниот стечај се спроведува кога:

- странски суд или странски претставник (странски стечаен управник, доверители и други) побара помош во врска со постапката, што се води во странска држава;
- странска држава побара помош во врска со постапката која се води во Република Македонија, во согласност со ј законот;
- постапка во странска држава се води истовремено со постапка која се води во Република Македонија врз основа на законот и доверители или други лица од странска држава кои имаат правен интерес, бараат поведување постапка или учествуваат во постапка која се води во согласност со законот.

Одредбите, кои се однесуваат на меѓународниот стечај не се применуваат спрема лицата и имотот на Република Македонија, над фондовите што се финансираат од Буџетот на Република Македонија, фондовите за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, единиците на локалната самоуправа, над органите на државната управа, како и на други правни лица со јавно овластување, ако тие со закон се изземени од стечајната постапка.

# *4. ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СТЕЧАЈ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Во „Службен весник на РСМ” 76/2020 се објави **Уредба со законска сила за примена на законот за стечај за време на вонредна состојба и истата влезе во сила од 24 март 2020 г.**

**Според оваа Уредба:**

- Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со уредбата со законска сила не е поинаку уредено,
- За поведување на стечајна постапка и поведување на претходна постапка, ќе се применуваат одредбите од уредбата со законска сила,
- Над стечајните должници кои ги исполнуваат условите за отворање на стечајна постапка или поведување на претходна постапка, нема да се отвораат стечајни постапки и да се поведуваат претходни постапки за време на траењето на вонредната состојба, како и три месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба,
- Сите започнати постапки, како претходна постапка за отворање на стечајна постапка и отворање на стечајната постапка над стечајниот должник, се одложуваат за време на траењето на вонредната состојба, како и три месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2021 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година (за даноци и придонеси)* | *41.141,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во РМ.за 2021 година за образец (МПИН)* | *20.571,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плти (16 x 41.141 )* | *658.256,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2021 година* | *8.438,00* |
| *Дневница за службени патувања од 23.03.2021* | *2.244,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2020 година* | *27.182,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2020 година* | *40.566,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА / 2021 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2021*** година изнесува:

***41.141,00 денари***

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***Јануари - Декември 2021 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

